2022

# РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ





**Проф. д-р Борче Треновски**

UNDP North Macedonia


3/13/2022

# Содржина

Листа на табели ... 1

Извршно резиме ... 2

1. ВОВЕД - КОНТЕКСТ, СТРАТЕШКО ОПКРУЖУВАЊЕ, ПРЕДИЗВИЦИ ... 3

2. ПРЕГЛЕД НА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА СТРУКТУРА И КЛУЧНИТЕ ЧИНИТЕЛИ ... 5

2.1. Преглед на релевантна правна рамка ... 5

2.1.1. Преглед на релевантна правна рамка во поглед на регионалниот развој ... 5

2.1.2. Преглед на релевантна правна рамка во системски поврзани области кои се од значење за рамномерниот развој ... 8

2.2. Мапирање на клучните чинители во рамките на тематската област ... 13

2.3. Утврдување недостатоци во усогласеноста во целите на секторската политика ... 17

3. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ И ИДНИКАТОРИ ... 18

3.1. Дефиниција (разработка) на основните индикатори и податоци ... 18

3.2. Утврдување на изворите (институции, бази на податоци, документи) на податоци, индикатори и информации ... 26

**3.3.** Идентификација на потенцијални недостатоци на индикаторите/податоците ... 27

**4.** РЕЗИМЕ НА ИНПУТИ ВО ПРОЦЕСОТ НА КОНСУЛТАЦИИ СО РЕЛЕВАНТНИ ЧИНИТЕЛИ/ИНСТИТУЦИИ ... 28

**5.** Меѓутематски прашања (социјална инклузија; добро владеење; управување со ризик од катастрофи и отпорност; дигитализација и иновации; родова перспектива, човекови права) ... 31

5.1. Управување со ризик од катастрофи и отпорност ... 31

5.2. Добро владеење ... 32

5.3. Родова еднаквост ... 33

5.4. Социјална инклузија ... 34

5.5. Дигитализација и иновации ... 35

5.6 Човекови права ... 38

6. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ВО ВРСКА СО ПРОЦЕСИТЕ НА НРС ... 40

Анекс 1 ... 42

Анекс 2 ... 46

# Листа на табели

Табела 1: Индикатори за рамномерен регионален развој во областа демографија ... 19
Табела 2: Индикатори за рамномерен регионален развој во областа економски развој ... 20
Табела 3: Индикатори за рамномерен регионален развој во областа бизнис и претприемништво ... 21
Табела 4: Индикатори за рамномерен регионален развој во областа Економските, фискалните капацитети и јавната инфраструктура во регионите ... 21
Табела 5: Индикатори за рамномерен регионален развој во областа човечки капитал ... 22
Табела 6: Индикатори за рамномерен регионален развој во областа инфраструктура ... 23
Табела 7: Индикатори за рамномерен регионален развој во областа Земјоделство и рурален регионален развој ... 24
Табела 8: Индикатори за рамномерен регионален развој во областа Социјален развој во регионите ј ... 24
Табела 9: Индикатори за рамномерен регионален развој во областа животна средина ... 25
Табела 10: Резиме на инпути во процесот на консултации со релевантни чинители/институции ... 28

# Извршно резиме

Рамномерниот регионален развој обезбедува посебен мултидисциплинарен пристап насочен кон поттикнување на развојните потенцијали на регионите. Рамномерниот регионален развој има потенцијал да создаде синергија и обезбеди рационално и одржливо искористување на регионалните ресурси, обезбедувајќи поголема благосостојбата и животниот стандард на жителите на сите плански региони во земјата.

Рамномерен регионален развој како област се фокусира на регионален аспект во третирање на:

- Демографија, население и миграции на регионално ниво;
- Економските потенцијали за регионален развој;
- Бизнис и претприемништво во регионите;
- Економските, фискалните капацитети и јавната инфраструктура во регионите;
- Работна сила и инвестирање во човечки капитал на регионално ниво;
- Регионална инфраструктура – (транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура);
- Земјоделството и рурален регионален развој;
- Животна средина и урбанистичко планирање во регионите;
- Социјален развој во регионите,
- Политиките за Рамномерен регионален развој и квалитетот на живот

Важноста на Рамномерниот регионален развој произлегува од недостатоците на моноцентричниот модел на развој, кој подразбира големи диспаритети помеѓу Скопскиот регион и другите плански региони во земјата. Обезбедувањето на услови за долгорочен одржлив развој и благосостојба на сите граѓани во земјата е неразделно од креирањето на програми/политики за намалување на регионалните диспаритети и балансиран регионален развој.

На почетокот е презентирана елаборација на клучните цели, политики и насоки утврдени во стратешките документи кои во значаен или посебни делови третираат прашања поврзани со рамномерниот регионален развој. Во оваа насока анализата подолу ги анализира Закон за рамномерен регионален развој, Одлука за поблиски критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на планските региони, Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, Програма за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за период 2021-2024, Програми за развој на планските региони, Закон за локална самоуправа, Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија, Закон за меѓуопштинска соработка, Закон за финансирање на ЕЛС, Програма за одржлив локален развој и децентрализација на Република Македонија 2021-2026, Фискалната стратегија на Северна Македонија за 2021-2023 и Индустриска стратегија на Република Северна Македонија 2018-2027.

Во контекст на овие стратешки документи ја анализираме усогласеноста на стратешките документи во оваа тематска област, како и утврдување на клучните предизвици поврзани со досегашната имплементација на овие клучни документи.

Посебно важно беше да бидат утврдени и клучните институции носители на доминантен дел од политиките во доменот на рамномерниот регионален развој. Во рамки на процесот на стимулирањето на рамномерниот регионален развој постојат повеќе институции кои играат значајна улога и даваме осврт на институциите кои се директно инволвирани и назначени како носители на политики за рамномерен регионален развој.

Тематска област Рамномерен регионален развој се преклопува и опфаќа бројни подобласти кои се третирани во посебни тематски анализи. Во овој документ се претставени клучните индикатори за следење на рамномерен регионален развој.

Следните индикатори беа предмет на обработка: Вкупен број на население во планскиот регионот, Густината на населеност (го означува бројот на населението кое живее на одредена територија и се изразува во ж/km²) по плански региони, Број на доселено население во планскиот регион, Број на отселено население од планскиот регион, БДП на планскиот регион по глава на жител, Извоз од планскиот регион, Увоз во планскиот регион, Број на активни деловни субјекти во планскиот регион, Број на Организации за поддршка на претприемништвото во планскиот регион, Вкупни јавни инвестиции по одделни плански региони по глава на жител, Просечно исплатена нето-плата по вработен (во денари) во планскиот регион, Стапка на активност (%) во планскиот регион, Стапка на невработеност (%) во планскиот регион, Создаден комунален отпад (во илјада тони), Локална патна мрежа (km') во планскиот регион, Инсталирани капацитети за производство на електрична енергија, Потрошувачка на електрична енергија во индустриските сектори, Обработлива земјоделска површина, Собран комунален отпад (во илјада тони), Домаќинства со социјална парична помош за корисници на возраст од 18 и повеќе години (на 000 население).

Анализата беше дополнета и со елаборација на потенцијален третман преку посебни индикатори на меѓутематските прашања - социјална инклузија; добро владеење; управување со ризик од катастрофи и отпорност; дигитализација и иновации; родова перспектива.

# 1. ВОВЕД - КОНТЕКСТ, СТРАТЕШКО ОПКРУЖУВАЊЕ, ПРЕДИЗВИЦИ

Рамномерен регионален развој е процес на идентификување, поттикнување, управување и искористување на развојните потенцијали на планските региони. Намалување на социо-економските диспаритети помеѓу регионите во Република Северна Македонија и водење на политика за поттикнување на рамномерен регионален развој се едни од клучните предизвици со кои се соочуваат носителите на политичките одлуки во изминатите 30 години. Во овој период не се постигнати значителни резултати во намалување на социо-економските диспаритети помеѓу планските региони, напротив според одредени индикатори има продлабочување на разликите помеѓу регионите. Значајноста и актуелноста на рамномерниот регионален развој произлегува од овој продлабочен јаз на социо-економските разлики помеѓу Скопскиот регион и другите плански региони во земјата.

Обезбедувањето на рамномерен развој и намалување на социоекономските диспаритети во рамки на планските региони е значаен предуслов за постигнување поголем економски раст во државата, за зголемувањето на благосостојбата на граѓаните и подигнување на квалитетот на животот. Но, во исто време остварувањето на целите за рамномерен регионален раст е предизвик, за чие исполнување е потребно голем степен на координација и соработка помеѓу бројни засегнати страни. Иако кај рамномерниот регионален развој акцентот примарно се става на социоекономскиот развој на регионите, неспорно е дека е неопходен развој на планските региони и во останати полиња како што се спортот, културата, заштитата на животната средина, справување со ризици и катастрофи, инклузија на младите и слично. Оттука, социоекономската политика за развој на регионите е тесно поврзана и со политиките за развој на останати области, затоа што раст во една област е невозможно, или во најмала рака отежнато, без соодветна поддршка во други комплементарни области. Како мулти секторска област успешноста на регионалниот развој ќе зависи и од успешноста во координирањето и соработката на бројни министерства, институции и организации. За таа цел неопходно е да се воспостави релевантна институционална рамка која ќе ги даде насоките на понатамошното делување.

Во Република Северна Македонија се прават континуирани напори за да се намалат диспаритетите меѓу планските региони. Од 2007 година па наваka, се донесени 2 закони за рамномерен регионален развој - првиот во 2007 година кој беше предмет на повеќе измени и дополнувања, и вториот, кој беше донесен минатата година, а кој има за цел да ги имплементира обврските кои произлегуваат *EU acquis* - то. Законите ги утврдуваат рамките во кои треба да се креираат политиките за рамномерен регионален развој, како и клучните чинители во процесот. Правната рамка опфаќа и останати инструменти кои се во насока на дополнување, дефинирање и прецизирање на одредбите од законот зарамномерен регионален развој, како што се Одлука за класификација на планските региони според степенот на развој, Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој и Правилникот за начинот и методологијата за оценувањето на предлог-проекти.

Со цел да се имплементираат политиките за регионален развој се носат краткорочни, среднорочни и долгорочни стратешки документи, кои дефинираат, цели, приоритети и мерки кои треба да се преземат од надлежни институции во одредена временска рамка. Најзначајните плански документи се – Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија, Програмите за развој на планските региони како и Програмите за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија.

Покрај овие секторски инструменти, постојат и други закони, подзаконски акти и стратешки документи кои не се однесуваат на рамномерниот регионален развој на директен начин, но регулираат области кои се во тесна врска, па оттука и тие се накратко анализирани.

Институционалната рамка е подеднакво значајна за обезбедување на рамномерен регионален развој, бидејќи креирањето и имплементацијата на политиките во голема мера зависи и од капацитетот на релевантните институции. Министерството за локална самоуправа, како ресорно министерство, претставува еден од најзначајните чинители во поглед на рамномерниот регионален развој. Понатаму со оглед на фактот дека станува збор за мулти секторска област, со цел да се обезбеди успешно функционирање неопходно е да постојат тела каде ќе учествуваат претставници на сите засегнати страни. Па така, Советот за рамномерен регионален развој при Владата на Северна Македонија, Совет за развој на планскиот регион како и Координативното тело за следење на

спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација се тела кои имаат за цел да овозможат партиципативност и координација на засегнатите страни при креирањето и имплементација на политиките за регионален развој. Бирото за регионален развој и Центрите за развој на планските региони се од исклучително значење како стручни служби кои имаат значајни одговорности во поглед на регионалниот развој.

Намалувањето на диспаритетите помеѓу планските региони претставува голем предизвик, и во досегашниот период инволвираните чинители не успеале да направат значаен прогрес. Неуспехот во голема мера се должи и на специфичноста на регионалниот развој како мулти секторска област во која голем број на институции имаат значаен допринос. Оттука, покрај тоа што постојат инструменти кои на директен начин се однесуваат на политиките за рамномерен регионален развој, неопходно е да се прифати полицентричен пристап и стратешките документи во останати области да инкорпорираат компонента која ќе се однесува на регионалниот развој. Дополнително, значаен предизвик претставува воспоставувањето на систем за успешна соработка и координација помеѓу сите засегнати страни. Доколку инволвираните институции не се на иста бранова должина, постои опасност дека вложените напори од некои чинители ќе останат поткопани поради недостаток на заложба од останатите.

# 2. ПРЕГЛЕД НА ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА СТРУКТУРА И КЛУЧНИТЕ ЧИНИТЕЛИ

## 2.1. Преглед на релевантна правна рамка

### 2.1.1. Преглед на релевантна правна рамка во поглед на регионалниот развој

Иницијален документ кој е од значење за рамномерниот регионален развој е **Номенклатурата на територијалните единици за статистика (НТЕС),**[1] донесен од страна на Владата на Република Северна Македонија. Со овој документ се врши поделба и класификација на територијалните единици. Планските региони се територијалните единици за статистика на трето ниво НТЕС – 3. Третото ниво предвидува 8 единици, односно 8 плански региони – Вардарски, Источен, Југозападен, Југоисточен, Пелагониски, Полошки, Североисточен и Скопски плански регион.

Во поглед на легислатива кој се однесува на рамномерниот регионален развој основен извор претставува **Законот за рамномерен регионален развој.** Важечкиот закон е донесен на почетокот на 2021 година и влезе во сила во средината на минатата година,[2] заменувајќи го стариот Закон за рамномерен регионален развој, кој беше донесен уште во 2007 година и кој беше изменуван и дополнуван во повеќе наврати. Задача на новиот закон е да се отстранат недостатоците на претходникот и истовремено да се имплементираат обврските кои произлегуваат од европското законодавство а кои се очекува да влезат во сила по пристапувањето на државата во Европската унија. Со новиот Закон за рамномерен регионален развој (во понатамошниот текст: ЗРРР), се утврдуваат целите, начелата и носителите на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој, планирањето на регионалниот развој, финансирањето и

[1] Номенклатурата на територијалните единици за статистика НТЕС (Сл. Весник на РСМ бр. 158/07 и 10/14).
[2] Закон за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ, бр. 24/21 и 174/21).

распределбата на средства за поттикнување на рамномерниот регионален развој, следењето и оценувањето на спроведувањето на планските документи и проекти и други прашања поврзани со регионалниот развој.[3]

Како главни цели на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој ЗРРР ги предвидува рамномерниот и одржлив развој на целата територија на Република Северна Македонија, заснован врз моделот на полицентричен развој, намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и подигнување на квалитетот на животот на сите граѓани, зголемување на конкурентноста на планските региони преку јакнење на нивниот иновациски капацитет, оптимално користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености на различните региони, зачувување и развивање на посебниот идентитет на планските региони, како и нивна афирмација и развој, развој на урбаните подрачја, развој на подрачјата со специфични развојни потреби, развој на селата како и поддршка на меѓуопштинската и прекугранична соработка на општините во функција на поттикнување рамномерен регионален развој.[4]

Гледано на генерален начин, политиките за регионалниот развој треба да придонесат кон намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони, со цел да се оствари рамномерен и одржлив регионален развој на целата територија на државата. ЗРРР предвидува дека пресметувањето на степенот на развиеност на планските региони се спроведува врз основа на развојниот индекс.[5]

Индикаторите и пресметувањето на вредноста на развојниот индекс се утврдуваат со **Одлука за класификација на планските региони според степенот на развој** која се носи од страна на Владата, на предлог на Советот за рамномерен регионален развој.[6] Последната одлука за индикаторите за пресметување на вредноста на развојниот индекс беше донесена од страна на Владата во 2018 година и има важност до 2023 година.[7] Значајно е да се напомене дека оваа одлука е донесена врз основа на стариот закон за рамномерен регионален развој, според кој како основа за определување на степенот на развој на планските региони беа предвидени индексот на економски развој и демографскиот индекс.[8] За пресметка на економско социјалниот индекс се користат четири индикатори: 1. бруто домашен производ по глава жител, 2. буџетски приход по жител, 3. раст на додадена вредност на нефинансиски сектор и 4. стапка на невработеност. За демографскиот индекс пак, се користат следниве четири индикатори: 1. природен прираст на население, 2. коефициент на староење, 3. салдо на миграции на 1000 жители и 4. завршени студенти на 1000 жители (25-64).[9]

ЗРРР наметнува обврска на Министерството за локална самоуправа за воспоставување на систем, односно регистар кој има за цел водење на евиденција за развојните потенцијали на планските региони.[10] Со системот за евиденција се утврдуваат индикатори, кои имаат за цел да ги отсликаат потенцијалите на планските региони во дадени области и подрачја.

ЗРРР содржи одредби кои се однесуваат на финансирањето на регионалниот развој. Согласно член 35, став 2 од законот, за поттикнување на рамномерниот регионален развој од Буџетот на Република Северна Македонија годишно се издвојуваат

---

[3] ЗРРР, Член 1.
[4] ЗРРР, Член 3.
[5] ЗРРР, Член 30(1).
[6] ЗРРР, Член 30(2).
[7] Одлука за класификација на планските региони според степенот на развој за период 2018-2023 година (Сл. Весник на РСМ, бр. 234/2018).
[8] Закон за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РСМ, бр. 63/07,187/13, 43/14, 215/15 и 64/18), член 30.
[9] Одлука за поблиски критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на планските региони (Сл. Весник на РСМ, бр. 162/08 и 88/13).
[10] ЗРРР, Член 20(1).

средства во висина од најмалку 1% од БДП.[11] Овие средства се издвојуваат не само од ресорното министерство, туку и од сите останати министерства и органи на државата кои имаат поврзаност и влијание врз регионалниот развој.

Понатаму, ЗРРР предвидува дека планирањето на регионалниот развој се врши преку плански документи, кои треба да се во согласност со Просторниот план на Република Северна Македонија, стратешките развојни документи на национално ниво како и програмските документи за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија.[12] **Според ЗРРР плански документи кои се однесуваат на регионалниот развој се – Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија, како и Програмите за развој на планските региони.[13]**

**Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија** се донесува за период од 10 години.[14] Стратегијата се изработува од Министерството за локална самоуправа, а на предлог на Владата се носи од Собранието на Република Северна Македонија.[15] По носењето на новиот ЗРРР, Собранието на Република Северна Македонија во април 2021 година ја донесе Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за периодот 2021-2031 година.[16] Стратегијата претставува најсеопфатен документ на полето на регионален развој, во која се определуваат концептот, приоритетите и стратешките цели на развојот на планските региони, мерките и инструментите за поттикнување на развојот на планските региони, урбаните подрачја, подрачјата со специфични развојни потреби и селата, како и финансирањето, институциите и механизмите за имплементација, мониторинг и евалуација на мерките од Стратегијата.[17] За спроведување на Стратегијата, Владата носи три програми, од кои првите две програми се носат за период од 3 години, а третата програма за период од 4 години.[18] Трите стратешки цели кои треба да се постигнат со Стратегијата се:

- Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкурентни плански региони.
- Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од населението.
- Значително зајакната политика за регионален развој, подобрени финансиски инструменти за нејзино спроведување и изградени административни капацитети на централно, регионално и локално ниво.

За операционализација на стратегијата, во 2022 година, Владата на Република Северна Македонија ја донесе **Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за период 2021-2024**, во која се предвидуваат стратешките цели и мерки кои треба да се постигнат во одредени фази и предвидениот буџет за нивно спроведување за временски период од 4 години.[19]

Понатаму, како што предвидува ЗРРР, за стратешки документи се сметаат и **Програмите за развој на планските региони**. Програмите се изработуваат од страна

---

[11] ЗРРР, Член 35(2).
[12] ЗРРР, член 9.
[13] ЗРРР, член 10(1).
[14] ЗРРР, член 11(1).
[15] ЗРРР, член 11(2).
[16] Стратегија за регионален развој на Република Северна Македонија за периодот 2021-2031 година (Сл. Весник на РСМ, бр. 76/21).
[17] ЗРРР, член 12.
[18] ЗРРР, член 11(4) & (5).
[19] Програма за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за период 2021-2024 година (Сл. Весник на РСМ, бр. 37/22), достапно на: https://mls.gov.mk/images/files/Programa%20za%20sproveduvanje%20na%20Strategija%20za%20RR%202021-2024.pdf.

на Центрите за плански развој, а се носат од страна на Советите за развој на планските региони по претходна согласност од Советот за рамномерен регионален развој.[20] Програмите се носат за период од 5 години, а за нивно имплементирање се Советот за рамномерен регионален развој носи годишни акциски планови.[21] Програмите се изработуваат во согласност со Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија, и со нив се утврдуваат среднорочните цели на регионалниот развој, како и приоритетите и мерките со кои ќе се придонесе кон остварување на среднорочните цели. Последни Програми се донесени за периодот од 2021-2026 година од страна на планските региони.[22]

Понатаму, значаен инструмент е и **Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој[23]** со кој се пропишува Методологијата за изработка на планските документи за регионален развој, односно на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија и Програмите за развој на планските региони. Со правилникот, помеѓу останатото се утврдува организирањето на процесот на изработка на планските документи, определувањето на одговорните лица и дефинирањето на нивните задачи, дефинирањето на содржината на документите и подготовка на тематски студии со секторска анализа на постојната состојба во планските региони.

Значаен инструмент е и **Правилникот за начинот и методологијата за оценувањето на предлог-проекти.[24]** Со правилникот се пропишува начинот и методологијата за оценувањето на предлог - проектите за развој на планските региони, предлог проектите за развој на урбаните подрачја, предлог - проектите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби, предлог - проектите за развој на селата и предлог - проектите за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност.

### 2.1.2. Преглед на релевантна правна рамка во системски поврзани области кои се од значење за рамномерниот развој

Покрај инструментите кои се однесуваат директно на регионалниот развој, постојат и бројни акти кои ја уредуваат **децентрализацијата и положбата на единиците на локалната самоуправа** што пак е во тесна врска и корелација со развојот на планските региони. Оттука, значајни и системски поврзани закони, кои на индиректен начин влијаат на процесот на рамномерниот регионален развој се:

**Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија[25]** кој ја уредува територијалната организација на локалната самоуправа во Република Северна Македонија и на индиректен начин е поврзан со концептот на рамномерниот регионален развој. Со овој закон се основаат општините како единици на локалната самоуправа; се утврдуваат подрачјата на општините и на градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа; се утврдуваат имињата, седиштата и границите на општините; се определуваат видот и имињата на населените места; се уредува спојувањето, поделбата и промената на границите на општините и на

[20] ЗРРР, член 13.
[21] ЗРРР, член 14.
[22] Програми за развој на планските региони, достапно на: https://mls.gov.mk/.
[23] Правилник за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој (Сл. Весник на РСМ бр.24/21 и 174/21), достапно на: https://mls.gov.mk/images/files/Pravilnik%20za%20izrabotka%20na%20planskite%20dokumenti.pdf.
[24] Правилник за начинот и методологијата за оценувањето на предлог-проекти, (Сл. Весник на РСМ бр.24/21), достапно на: https://mls.gov.mk/images/files/pravilnik.pdf.
[25] Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија (Сл. Весник на РСМ бр. 55/04, 12/05, 98/08 и 106/08).

градот Скопје, како и други прашања што се однесуваат на територијалната организација на локалната самоуправа.[26]

**Законот за локалната самоуправа** со кој се уредуваат надлежностите на општината; непосредното учество на граѓаните во одлучувањето; организацијата и работата на органите на општината; општинската администрација; актите на органите; имот - сопственост на општината; надзорот над работата на органите на општината; распуштањето на советот на општината; механизмите на соработка меѓу општините и Владата на Република Македонија; месната самоуправа; заштитата на локалната утврдување на службени јазици во општините и други прашања од значење за локалната самоуправа.[27] Овој закон е основен темел врз кој се формира концептот на управување со локалната самоуправа во државата и следствено одредбите од овој закон во голема мера влијаат на развојот на единиците на локалната самоуправа и соодветните плански региони во кои тие се наоѓаат.

**Законот за меѓуопштинска соработка** со кој се уредуваат начинот, условите и постапката за воспоставување на меѓуопштинска соработка и облиците преку кои се остварува, финансирањето, евиденцијата и надзорот над меѓуопштинската соработка и други прашања од значење за меѓуопштинската соработка.[28] Целта на овој закон е да се обезбеди меѓуопштинска соработка со цел да се постигне поекономично, поефикасно вршење на надлежностите на општините за остварување на нивните заеднички интереси и цели. Во таа насока соработката може да опфати и вршење на определени работи во надлежност на општините само од страна на една општина за сметка на една или повеќе други општини.

**Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа**[29] кој го уредува финансирањето на единиците на локална самоуправа, е значаен закон во поглед на остварување на фискалната децентрализација, но претставува и добра основа за трасирање на патот за фискално воеднaчување и остварување на целите на рамномерниот регионален развој. Во рамките на овој закон се утврдуваат изворите за финансирање на општините - сопствени извори на приходи, дотации на средства од Буџетот на Република Северна Македонија и од Буџетите на фондовите и задолжувањето. Нормативните одредби во овој закон ги поставуваат контурите за начинот на финансирање на единиците на локалната самоуправа, а тоа пак од своја страна влијае на нивниот потенцијал за развој, нивна одржливост и порамномерен регионален развој.

Во поглед на нормативната рамка која е поврзана со индексот на развој, фискалната децентрализација, еквилизацијата и рамномерниот регионален развој голема улога имаат и одредени подзаконски акти како:

**Програмата за одржлив локален развој и децентрализација на Република Македонија 2021-2026**[30] е основен плански документ за натамошен развој на локалната самоуправа. Преку програмата се операционализира определбата на државата да продолжи со поттикнување на одржливиот локален развој, доброто локално владеење и создавање на услови за поактивна, поефективна и поиновативна улога на локалните власти во остварувањето на националните цели за раст и развој. Основна идеја која ја застапува Програмата е дека подобрата вертикална и хоризонтална координација на националните и локалните политики и спроведувањето на интегрирани развојни проекти

[26] Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија, член 1.
[27] Закон за локалната самоуправа (Сл. Весник на РСМ 5/02), член 1.
[28] Закон за меѓуопштинска соработка (Сл. Весник на РСМ 79/09), член 1.
[29] Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл. Весник на РСМ бр.61/04, 96/04; 67/07; 156/09; 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21 и 77/21).
[30] Програма за одржлив локален развој и децентрализација 2021-2026, достапно на: https://mls.gov.mk/images/files/POLRD_2021-2026_MK_so%20korekcii_Final.pdf.

прилагодени на локалните потреби и услови ќе доведе до поизбалансиран, територијално насочен локален развој.

Со цел да се обезбеди успешна имплементација на Програмата, Владата на Република Македонија, на седница одржана на 23.11.2021 година донесе **Одлука за формирање на координативно тело за следење на спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација на Република Македонија 2021-2026 и на Акциските планови а спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација на Република Македонија 2021-2026.**[31] Координативното тело треба да брои 22 члена како и нивни заменици, кои се претставници од владата, релевантните министерства кои се засегнати со оваа проблематика и претставници од ЗЕЛС.

**Фискалната стратегија на Северна Македонија за 2021-2023**[32] претставува инструмент за среднорочно планирање во кој се предлагаат насоките и целите на фискалната политика и основните макроекономски проекции и показатели. Во стратегијата се потенцира дека Владата на Република Северна Македонија и во наредниот период ќе продолжи со активностите за рамномерен регионален развој и унапредување на сите региони во земјата со подобра вертикална и хоризонтална координација на националните и на локалните политики и интегрираните развојни проекти прилагодени на локалните потреби и услови и ќе обезбеди поизбалансиран и територијално насочен локален развој. Во рамките на фискалната стратегија се потенцира дека Советот за рамномерен регионален развој и понатаму ќе има значајна улога како промотор на партнерството помеѓу регионите/општините и Владата и во негови рамки ќе се координира искористувањето на средствата од сите секторски програми наменети за планските региони и општините.[33]

**Индустриската стратегија на Република Македонија 2018-2027, со Акцискиот план**[34] од Октомври, 2018-та година е важен документ кој е поврзан со идниот индустриски развој во нашата земја. Визијата која треба да се следи за идниот индустриски развој во нашата земја е формулирана во оваа стратегија како: "*Унапредување на индустријализацијата, преку стимулирање на растот и развојот на преработувачката индустрија, со цел зголемување на продуктивноста, создавање добри работни места, зголемување на приходите и зајакнување на човечкиот капитал, истовремено решавајќи ги предизвиците на циркуларната економија*."[35] Иако стратегијата предвидува поврзување во кластери на одделни компании од соодветни индустрии сепак по анализа на новата индустриска стратегија се забележува дека недостасува регионалната компонентата односно фокусот на рамномерниот регионален развој. Отсуството на регионалната компонента на новата индустриска стратегија се огледа и во тоа што во неа не постои специфичен таргет на одредени индустрии и поврзаност со региони, односно кои индустрии ќе бидат развивани во кои региони, како и план за нивно поврзување во вид на интра и интер - регионална соработка.

Покрај инструментите кои се однесуваат на децентрализацијата и положбата на единиците на локалната самоуправа, рамномерниот регионален развој и циркуларната економија се регулираат и во други секторски документи и закони кои регулираат материја од останати области.

---

[31] Одлука за формирање на координативно тело за следење на спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација на Република Македонија 2021-2026 и на Акциските планови а спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација на Република Македонија 2021-2026, достапно на: https://mls.gov.mk/images/files/odluka.pdf.

[32] Фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2021-2023 година, достапно на: https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2020/12/Fiskalna-Strategija-na-RSM-2021-2023-za-objavuvanje.pdf.

[33] Фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2021-2023 година, стр. 28.

[34] Индустриска стратегија на Република Македонија 2018-2027, со Акциски план, достапно на: http://economy.gov.mk/Upload/Documents/Finalna%20Industriska%20Strategija.pdf.

[35] Индустриска стратегија на Република Македонија 2018-2027, стр. 6.

Во делот на **инклузија на млади, младинско организирање и младински политики** најзначајни се следните акти:

**Законот за младинско учество и младински политики** кој ги регулира формите на младинско организирање, учество на младите во процесот на креирање на младински политики и донесување одлуки кои се однесуваат на нив, стратешките документи на национално и локално ниво, активностите и мерките кои ги преземаат органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа за унапредување на положбата на младите во општеството, како и информирање и заедничко планирање на активности поврзани со и за млади.[36] Помеѓу останатото законот предвидува учество на млади во креирањето политики на локално ниво, преку формирање на локални младински совети и локално собрание на млади како механизам за поттикнување на инволвираноста на младите при креирањето на локални регионални политики, и застапување на младинските интереси.

Значаен документ кој е во тесна врска со Законот за младинско учество и младински политики е и **Националната стратегија за млади 2016-2025 година.**[37] Националната стратегија претставува стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики. Стратегијата е структурно поделена во девет клучни области во кои треба да се преземат активности, од кои една област е токму локалната младинска работа. Како клучни цели во делот на локалната младинска работа се предвидуваат:

- Препознавање на младинската работа како клучна алатка за помагање на позитивниот личен и социјален развој на младите;
- Формално препознавање и регулирање на примената и понудата на младинската работа како интегрален дел на воспитно образовниот систем на земјата; и
- Осигурување на квалитетна и достапна понуда на младинска работа на територијата на секоја општина.[38]

Област која е тесно поврзана со младинското учество и младинските политики е и **развојот на спортот.** Најзначајни инструменти се:

**Закон за спортот** кој ги уредува условите и начинот на вршењето на дејноста спорт заради остварување на јавниот интерес во спортот во надлежност на Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, стопанисувањето со објектите за спорт во сопственост на Северна Македонија.[39] Сепак Законот за спорт регулира прашања од обласа на спортот на генерален начин и не предвидува конкретни мерки кои се поврзани со стимулирање на балансиран развој на спортските активности помеѓу одделните плански региони.

Понатаму, **Стратешкиот план на Агенцијата за млади и спорт за периодот 2021-2023 година** во делот на главните стратешки правци, помеѓу остварување на останатите цели се предвидува и унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на процесот на децентрализација на власта, воедначување и подобрување на локалните јавни услуги, зајакнување на капацитетите на општините, зголемување на нивната транспарентност, отчетност и инклузивност преку зголемено учество на граѓаните во донесувањето на одлуки, поради подобрување на квалитетот на живеење.[40] Јакнењето на капацитетите на општините индиректно влијае и на развојните потенцијали на планските региони.

[36] Закон за младинско учество и младински политики (Сл. Весник на РСМ, бр. 10/20).
[37] Национална стратегија за млади 2016-2025 година, достапно на: http://ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/07/National_Youth_Strategy_2016-2025_mkd.pdf.
[38] Национална стратегија за млади 2016-2025 година, стр. 18-19.
[39] Закон за спортот (Сл. Весник на РСМ бр. бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16, 98/19 и 244/19).
[40] Стратешки план на агенција за млади и спорт 2021-2023 година, стр. 11-12, достапно на: http://ams.gov.mk/информации-од-јавен-карактер/,

Друга област која е системски поврзана со регионалниот развој е и **заштита на животната средина.** Најзначајни документи во оваа област се:

**Националната стратегија за одржлив развој 2009-2030.**[41] Според Стратегијата, одржливиот развој вклучува 3 взаемно испреплетени димензии – економска димензија, димензија на животна средина и социјална димензија. Одржливиот развој претставува континуиран процес кој вклучува подобрување на интеграцијата на економските, социјалните и аспектите на животната средина.[42] Согласно целите на оваа стратегија Северна Македонија треба да биде општество во кое што економскиот напредок може да се одвива паралелно со подобрување на животната средина.

Понатаму, одредбите од **Законот за управување со отпадот**[43] се во функција на воспоставување на функционален систем за регионално управување со отпад и изградба на регионални депонии, со цел да се затворат сите нестандардни депонии и ѓубришта. Законот беше донесен во 2021 година и го замени претходниот закон од 2004 година, кој беше изменуван и дополнуван повеќе пати низ годините. Реализацијата на решенијата од законот настојуваат да овозможат регионално собирање, транспорт, селектирање, рециклирање на отпад, како и третман и искористување, со цел да се зголеми степенот на заштита на здравјето на луѓето и заштита на животната средина, и сето тоа да биде чекор напред кон овозможување на циркуларна економија. Оттука потребна е добра хоризонтална интеграција на Индустриската стратегија на Република Македонија 2018-2027 година и Законот за управување со отпадот.

Во насока на имплементација на Законот за управување со отпадот, во 2021 година беше донесен **Планот за управување со отпад на Република Северна Македонија за 2021-2031 година.**[44] Планот за управување со отпад ја одразува националната политика во доменот на управување со отпадот и претставува основа за подготвување и за спроведување на интегриран систем за управување со отпадот. Со овој стратешки документ, Северна Македонија ги дефинира фундаменталните насоки во областа на управувањето со отпадот врз основа на сознанието дека несоодветното управување со отпадот, денес и во минатото, предизвикуваат сериозни последици за животната средина и за природата и ги одредува основните насоки за постапно воспоставување на систем за управување со отпадот, заснован на хиерархијата на основните принципи во управувањето со отпадот, како и на основните принципи на одржливото користење на природните ресурси.

Во поглед на областа на **културата**, најзначајни инструменти се:

**Законот за култура**, во чии рамки се утврдува дека национален интерес е создавањето услови за рамномерен развој на културата во државата. Во рамките на законот е предвидено дека со годишниот план се утврдуваат општите насоки за остварување на националниот интерес во културата каде рамномерниот развој на културата е утврден како национален интерес. [45]

**Стратешкиот план на Министерството за култура 2022 – 2024,**[46] во кој се потенцира дека во рамките на Годишната програма на Министерството за култура се реализираат програми за креирање на услови на рамномерен културен развој на територијата на целата држава.[47] Во Потпрограмата 1 од Стратешкиот план на

---

[41] Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија 2009 -2030, достапно на: https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/12/Nacionalna-Strategija-za-Odrzliv-Razvoj-vo-RM-NSSD-Del-1.pdf.

[42] Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија 2009 -2030, стр. 8.

[43] Закон за управување со отпадот (Сл. Весник на РСМ бр. 216/21).

[44] План за управување со отпад на Република Северна Македонија за 2021-2031 година, достапно на: https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/10/План-за-Управување-со-отпад-на-РСМ-2021-до-2031-година.pdf.

[45] Законот за култура (Сл. весник на РСМ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 - Одлука на Уставниот суд на РСМ, У.бр.196/2007 од 16.1.2008 год., објавена во Сл. Весник на РСМ бр. 15/2008), член 61(3)).

[46] Стратешки планови на Министерството за култура, достапно на: http://kultura.gov.mk/nacionalna-strategija-za-razvoj-na-kultura/.

[47] Стратешки план на Министерството за култура 2022 – 2024, стр. 22

Министерството за култура се предвидени мерки за овозможување на рамномерен културен развој, вклучувајќи и показатели за успешност во нивната имплементација. Оттука може да се каже дека Министерството за култура ја интегрира регионалната компонента во својата програма и настојува преку одредени мерки да создаде услови за рамномерен културен развој.

**Националната стратегија за развој на културата 2018-2022**[48] предвидува насоки кои треба да се следат со цел да се оствари порамномерен културен развој. Во рамките на оваа национална стратегија се предвидени и конкретни мерки на идната културна политика како:

- поголеми вложувања во културата во помалку развиените општини;
- создавање на најмалку еден културен центар во секоја општина;
- поддршка на проекти во годишните програми кои би ја намалиле нерамномерната културна дистрибуција.

## 2.2. Мапирање на клучните чинители во рамките на тематската област

Во рамки на процесот на стимулирањето на рамномерниот регионален развој постојат повеќе институции кои играат значајна улога. Во продолжение, најпрво ќе дадеме осврт на институциите кои се директно инволвирани и назначени како носители на политики за рамномерен регионален развој. Дополнително, ќе дадеме кус осврт на чинители кои првично дејствуваат во други тематски области, но кои се на индиректен начин поврзани со регионалниот развој и имаат посредно влијание во креирањето на политиките.

**Владата на Република Северна Македонија** е значаен орган која има клучна улога во класификацијата на планските региони. Владата ја носи Номенклатурата на територијалните единици за статистика НТЕС, со која се врши дефинирање на планските региони како и Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеност која игра клучна улога во стимулирањето на рамномерниот регионален развој бидејќи со неа се утврдува композитниот индекс на развој и учеството на планските региони во распределбата на средствата за финансирање на проекти за развој на планските региони.

**Советот за рамномерен регионален развој при Владата на Северна Македонија** игра значајна улога во креирањето на политиката за рамномерен развој. Советот има функција на координативно тело кое ги поврзува најзначајните чинители во рамки на тематски области кои се тесно поврзани со рамномерниот регионален развој. Па така Советот е составен од претставници кои се членови на Владата (заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, за координација со економските ресори и инвестиции, прв заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања), министри (кои раководат со министерствата за локална самоуправа, финансии, економија, транспорт и врски, образование и наука, труд и социјална политика, култура, животна средина и просторно планирање и земјоделство, шумарство и водостопанство) претседателите на советите за развој на планските региони и претседателот на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).

Советот за рамномерен регионален развој има значајни надлежности поврзани со креирањето на политики за поттикнувањето на рамномерниот регионален развој. Советот, помеѓу останатото:

[48] Националната стратегија за развој на културата 2018-2022, достапно на: https://drive.google.com/file/d/1gfzA76RBOTS1_A00fNn62n352E3nr8kB/view.

- ја усогласува политиката за поттикнување рамномерен регионален развој со секторските политики и макроекономската политика на Република Северна Македонија,
- дава мислење по Предлог-стратегијата за регионален развој,
- дава претходна согласност за програмите за развој на планските региони,
- го утврдува Предлогот на индикаторите за регионалниот развој,
- ја утврдува Предлог - листата на подрачја со специфични развојни потреби,
- утврдува Предлог - одлука за класификација на планските региони според степенот на развиеност,
- утврдува предлог за финансирање на конкретни проекти од средства од Буџетот на Република Северна Македонија, наменети за развој на планските региони, урбаните подрачја и одржлив урбан развој, подрачјата со специфични развојни потреби и на селата,
- иницира разгледување на прашања од областа на регионалниот развој за кои е неопходна координација меѓу Владата, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и другите засегнати страни.

**Министерство за локална самоуправа е** надлежно за водење на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој. Во рамки на своето работење, Министерството, во соработка со другите министерства кои преземаат мерки за поттикнување на развојот, ја дефинира и спроведува политиката за поттикнување рамномерен регионален развој, согласно со целите на економската политика на Владата и со програмските документи за интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија. Министерството ја следи состојбата поврзана со развојот на планските региони и за таа цел има должност да води евиденција на развојните потенцијали, што е од значење за регионалниот развој.

**Биро за регионален развој** претставува посебен орган во рамките на Министерството за локална самоуправа кое е надлежно за имплементирање на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој. Оттука Бирото има пред се најзначајна улога во процесот на распределба на средства за проекти со кои се поттикнува рамномерниот регионален развој како и мониторинг при имплементацијата на тие проектите. Останати позначајни негови надлежности се:

- спроведување активности со кои придонесува за остварување на целите на политиката утврдени во планските документи за рамномерен регионален развој,
- давање стручна поддршка на Центрите за развој на планските региони, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје
- учество во подготовка на аналитичко-документациона основа за изготвување на стратешките и оперативните плански документи за рамномерен регионален развој,
- спроведување активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност.

**Совет за развој на планскиот регион** се формира за секој од планските региони. Во советот членуваат сите градоначалници од општините кои припаѓаат на конкретниот плански регион. Делувањето на советите е првенствено насочено во креирање на политики за регионален развој на конкретниот плански регион. За таа цел Советите имаат улога на консултативно и координативно тело. Дополнително Советите ја промовираат и прекуграничната соработка со региони од други земји врз основа на заедничките интереси.

**Центрите за развој на планските региони** исто така играат клучна улога бидејќи ја изготвуваат предлог програмата и предлог-проектите за развој на соодветниот плански регион. Оттука центрите за развој на планските региони ги дефинираат приоритетите согласно Стратегијата за рамномерен регионален развој што секако има влијание врз остварувањето на услови за развој на рамномерен социјален, културен, економски и индустриски развој.

**Општините, односно единиците на локалната самоуправа**, се исто така значајни чинители во поглед на рамномерниот регионален развој. Со оглед на фактот што сите општини се поделени и припаѓаат во еден од осумте плански региони, тие претставуваат појдовна точка на вршење на било каква анализа или спроведување на било каква политика која се однесува на регионалниот развој. Планските региони ги спроведуваат политиките директно преку работењето на општините, па оттука, не може да постои регионален развој без директен инпут од страна на општините.

**Координативното тело за следење на спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација на Република Македонија 2021-2026 и на Акциските планови а спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација на Република Македонија 2021-2026,** кое се основа со Одлука на Владата на Република Северна Македонија**.** Координативното тело треба да брои 22 члена како и нивни заменици, кои се претставници од редот на Владата на Република Македонија (претставник од кабинетот на претседателот на Владата, како и кабинетите на замениците на претседателот за борба против корупција и криминал, одржлив развој и човечки ресурси и за економски прашања), претставници од сите министерства во склоп на Владата, како и претставници на Секретаријатот за европски прашања, Заедницата на единици на локална самоуправа (ЗЕЛС) и Комитетот на совети при ЗЕЛС**.**[49]

**Комисија за поттикнување и следење на меѓуопштинска соработка** е тело кое се формира од страна на Владата на Република Северна Македонија, во согласност со Законот за меѓуопштинска соработка.[50] Комисијата ја сочинуваат двајца претставници од Министерството за локална самоуправа и по еден претставник од Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура, Министерство за финансии, Дирекцијата за заштита и спасување. по еден претставник определува и секој од советите за развој на планските региони и ЗЕЛС. Комисијата ги следи воспоставените облици на меѓуопштинска соработка, го разгледува и дава мислење по годишниот извештај за остварувањето на меѓуопштинската соработка, иницира измени и дополнувања на законската регулатива која влијае на меѓуопштинската соработка, и разгледува и други прашања од значење за меѓуопштинската соработка.

Покрај чинителите кои се директно инволвирани и влијаат во политиките за регионалниот развој, постојат и бројни чинители кои на индиректен начин се поврзани и влијаат на рамномерниот регионален развој. Покрај Министерството за локална самоуправа како ресорно министерство, значајни чинители во овој дел се и останатите министерства кои се системски поврзани и имаат влијание на рамномерниот развој. Со оглед на обврската од ЗРРР за издвојување на најмалку 1% од БДП на државата за регионален развој, голем број на министерства индиректно учествуваат во регионалниот

[49]Одлука за формирање на координативно тело за следење на спроведувањето на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација на Република Македонија 2021-2026 и на Акциските планови а спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација на Република Македонија 2021-2026, член 3.
[50] Закон за меѓуопштинска соработка, член 33.

развој преку финансирање на разни активности кои влијаат на поттикнување на развојот на планските региони. Па така значајни министерства се:

**Министерство за финансии е** клучно министерство во поглед на реализација на политиките за поттикнување на рамномерниот регионален развој. Министерството за финансии преку изготвување на среднорочната буџетска рамка и фискалните стратегии има силно влијание врз одредувањето на нивото на капиталните инвестиции и нивната реализација во одделните плански региони. Исто така Министерството за финансии преку фискалните стратегии за период 2019-2023 ја потенцираат важноста на децентрализација на надлежностите до локалните власти и подобрувањето на нивниот капацитет како еден од главните приоритети.

**Министерството за економија** игра клучна улога како министерство поврзано со рамномерниот индустрискиот развој и циркуларната економија на Република Северна Македонија. Ова министерство е непосредно одговорно за водењето на индустриската политика за развој на индустријата на земјата. Министерството за економија работи на создавање на услови за развој на индустријата, на кластерингот и вклучување на македонските компании во мрежата на глобалните синџири на вредности, развиен претприемачки сектор, креирање и интеграција на единствен пазар во ЕУ.

**Министерството за животна средина** е многу важна институција која е поврзана со стимулирањето на циркуларната економија преку рециклирање на отпадот и негово повторно враќање како инпут во индустријата и економијата. Секторот за отпад при министерството за животна средина треба да ги остварува целите и приоритетите во делот на отпадот и да обезбеди висок степен на интегрирано управување со отпадот во Северна Македонија.

**Министерството за култура** е надлежна институција за стимулирање на рамномерниот културен развој преку спроведување на законот за култура, годишните програми на министерството и стратегијата за развој на културата. Во законот за култура и стратегијата за развој на културата се предвидени мерки за овозможување на рамномерен културен развој, а исто така е предвиден и акционен план за спроведување на овие мерки.

**Агенција за млади и спорт** е најважната државна институција кога станува збор за развој на спортот и младите во Северна Македонија. Агенцијата за млади и спорт ги остварува своите функции главно во следниве подрачја:

- Реализација на уставни и законски одредби и програмата на Владата и Собранието на Северна Македонија за дејноста млади и спорт и законското функционирање на Агенцијата за млади и спорт;
- Спроведување на закони што се однесуваат на дејностите и спроведување на меѓународни конвенции, кои се ратификувани и прифатени како обврска, а се однесуваат на делот на младите и спортот, насилството на спортските терени и анти-допинг во спортот;
- Изготвување и следење на подзаконски акти во дејноста спорт;
- Организирање на здравствена заштита на спортистите, категоризирање на спортистите според остварените резултати и нивно стипендирање, водење на евиденција во дејноста на спортот, остварување на високи спортски резултати, регулирање на правото на престој на спортисти и стручни лица во Северна Македонија и издавање на мислење за добивање на државјанство на врвни спортисти, водење на грижа за стручниот кадар во спортот и др.

## 2.3. Утврдување недостатоци во усогласеноста во целите на секторската политика

| |
|---|
| ***Усогласеност на стратешките документи од тематската област***<br><br>***Анализата на клучните стратешки документи, нивниот опфат, целите кои се дефинирани во истите, како и политиките укажаа на следните предизвици:***<br><br>- Голем дел од областите важни за рамномерниот развој –се третирани во голем број на стратешки документи од обласа на образованието, деловниот сектор, претприемништвото, здравството, демографијата, социјалната сфера, конкурентноста и технолошкиот развој итн.<br>- Потребно е да се изврши целосно усогласување на сите стратешки документи со новиот Закон за рамномерен регионален развој од 2021 година. Голем дел од документите кои се однесуваат на рамномерниот регионален развој се донесени при важењето на Законот за рамномерен регионален развој од 2007 година.<br>- Постојат мноштво на институции и чинители кои се инволвирани на директен или индиректен начин во процесот на регионален развој. Оттука тешко е да се постигне секогаш усогласеност во целите/политиките од интерес регионалниот развој во различните стратешки документи – особено на хоризонтално и вертикално ниво.<br>- Во дадени инструменти Голем дел од значајните прашања се мулти секторски па оттука неопходно е да се обезбеди високо ниво на соработка, координација и проток на информации. |
| ***Потенцијални потешкотии во спроведувањето на политиката:***<br><br>- Регионалниот развој е мултидисциплинарен процес во кој е неопходно учество да земат бројни чинители. Оттука мора да постои високо ниво на координација и соработка за да се постигнат и остварат предвидените цели. Основен предуслов за непречено движење на овие процеси е постоење на институционални капацитети. Од стратешките документи е видно дека малку внимание и ресурси се посветува на градењето на кадровските капацитети на институциите.<br>- Често дефинираните мерки и активности во стратешките документи не се во согласност со кадровските, административните и други потенцијали, ресурси за нивна имплементација. Често процедурите при подготовка на овие документи/законски решенија не ги следат добрите начела/практики во нивна подготовка што понатаму влијае на имплементацијата.<br>- Отсуствува континуитет во спроведување на стратешките документи – со промена на политичките гарнитури/раководни лица процесите се менуваат или забавуваат.<br>- Потребни се конкретни механизми кои ќе овозможат мониторинг, следење, меѓутоа и начин на контрола/стимулирање на засегнатите институции за имплементација на стратешките документи – кои треба да ги чувствуваат како свои.<br>- Понекогаш постои неконзистентност во различните стратешки документи, или нејасно дефинирање на улогата на секоја од засегнатите страни, што исто така може да влијае на процесот на имплементација |

# 3. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ И ИДНИКАТОРИ

## 3.1. Дефиниција (разработка) на основните индикатори и податоци

Основните индикатори и достапни податоци се претставени според следните области:

- Демографија, население и миграции на регионално ниво;
- Економските потенцијали за регионален развој;
- Бизнис и претприемништво во регионите;
- Економските, фискалните капацитети и јавната инфраструктура во регионите;
- Работна сила и инвестирање во човечки капитал на регионално ниво;
- Регионална инфраструктура – (транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура);
- Земјоделството и рурален регионален развој;
- Животна средина и урбанистичко планирање во регионите;
- Социјален развој во регионите.

За секој индикатор се претставени секундарни податоци за годините 2018, 2019 и 2020 година, со исклучок на индикаторот *„Вкупни јавни инвестиции по одделни плански региони по глава на жител,* за кои податоците се претставени од 2016-2018 година.

Податоците се најчесто преземени од Државниот завод за статистика и соодветниот линк до податоците е достапен за секој индикатор.

Демографските индикатори ги демонстрираат разликите помеѓу регионите и диспропорциите во територијалната дистрибуција на населението. Првиот индикатор е вкупниот број на население во планските региони. Најмногу жители имало во Скопскиот регион, а најмалку во Вардарскиот.

Вториот индикатор е густината на населеност, односно бројот на жители кои што живеат на одредена територија, изразен во ж/km². Најгусто населен регион е Скопскиот, а најретко населен регион е Вардарскиот.

Третиот индикатор е бројот на доселено население во одреден плански регион во рамките на дадената година. Најмногу доселено население има во Скопскиот регион, а најмалку доселено население има во Вардарскиот регион.

Четвртиот индикатор е бројот на отселено население од одреден плански регион во рамките на дадената година. Најмногу население се отселило од Скопскиот регион, а најмалку од Југоисточниот плански регион.

*Табела 1: Индикатори за рамномерен регионален развој во областа демографија*

| Област | Година | Вардарски регион | Источен регион | Југозападен регион | Југоисточен регион | Пелагониски регион | Полошки регион | Североисточен регион | Скопски регион | Извор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Демографија население и миграции на регионално ниво** | **Вкупен број на население во планскиот регионот** | | | | | | | | | |
| | **2018** | 152 022 | 174 877 | 219 580 | 173 327 | 227 919 | 322 338 | 176 196 | 630 873 | Државен завод за статистика |
| | **2019** | 151 492 | 173 804 | 219 180 | 172 824 | 226 837 | 322 872 | 175 973 | 633 273 | |
| | **2020** | 150 319 | 172 277 | 218 114 | 171 840 | 224 670 | 322 166 | 175 171 | 634 251 | |
| | **Густината на населеност (го означува бројот на населението кое живее на одредена територија и се изразува во ж/km²) по плански региони** | | | | | | | | | |
| | **2018** | 37.6 | 49.5 | 65.8 | 63.3 | 48.4 | 133.3 | 76.3 | 347.1 | Државен завод за статистика |
| | **2019** | 37.6 | 49.3 | 65.7 | 63.2 | 48.2 | 133.5 | 76.2 | 348.6 | |
| | **2020** | 37.3 | 48.9 | 65.5 | 62.9 | 47.9 | 133.5 | 76.0 | 349.6 | |
| | **Број на доселено население во планскиот регион** | | | | | | | | | |
| | **2018** | 289 | 258 | 279 | 215 | 217 | 196 | 173 | 1 406 | Државен завод за статистика |
| | **2019** | 252 | 227 | 338 | 218 | 266 | 211 | 206 | 1 523 | |
| | **2020** | 191 | 211 | 260 | 211 | 202 | 209 | 179 | 1 457 | |
| | **Број на отселено население од планскиот регион** | | | | | | | | | |
| | **2018** | 408 | 446 | 362 | 297 | 424 | 280 | 335 | 481 | Државен завод за статистика |
| | **2019** | 420 | 428 | 442 | 272 | 403 | 342 | 364 | 570 | |
| | **2020** | 407 | 393 | 374 | 209 | 394 | 307 | 322 | 514 | |

Индикаторите на економски развој на регионално ниво покажуваат разлики што укажуваат на диспропорции во економскиот развој меѓу планските региони. Најразвиен е Скопскиот регион, а најмалку развиен е североисточниот плански регион.

Првиот индикатор за рамномерен регионален развој во областа економски развој, е Бруто домашниот производ (БДП) на планскиот регион, по глава на жител. Бруто домашниот производ е збирот на вредноста на вкупно произведените финални добра и услуги на една земја во текот на една година. Овој индикатор најдобро ја прикажува сликата за нерамномерноста во развојот на одделните плански регион во Република С. Македонија. Највисок БДП по глава на жител има Скопскиот регион, а најнизок Полошкиот плански регион.

Вториот индикатор за рамномерен регионален развој во областа економски развој, е извозот на стоки од одреден плански регион, во проценти од вкупниот извоз. Највисок извоз има Скопскиот регион, а најнизок извоз има Југозападниот регион.

Третиот индикатор за рамномерен регионален развој во областа економски развој, е увозот на стоки во одреден плански регион, во проценти од вкупниот извоз. Највисок увоз има Скопскиот регион, а најнизок увоз има Североисточниот регион.

*Табела 2: Индикатори за рамномерен регионален развој во областа економски развој*

| Област | Година | Вардарски регион | Источен регион | Југозападен регион | Југоисточен регион | Пелагониски регион | Полошки регион | Североисточен регион | Скопски регион | Извор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Економските потенцијали за регионален развој** | **БДП на планскиот регион по глава на жител** | | | | | | | | | |
| | **2018** | 332 992 | 310 999 | 250 902 | 357 072 | 323 740 | 148 785 | 184 163 | 451 983 | Државен завод за статистика |
| | **2019** | 361 636 | 320 829 | 255 123 | 368 453 | 342 216 | 157 748 | 187 578 | 475 257 | |
| | **2020** | 352 897 | 310 084 | 242 440 | 339 868 | 321 340 | 152 216 | 178 921 | 448 734 | |
| | **Извоз од планскиот регион % од вкупниот извоз** | | | | | | | | | |
| | **2018** | 10,8% | 11% | 3,6% | 6% | 9% | 2,3% | 1% | 56,3% | Државен завод за статистика |
| | **2019** | 12,4% | 10,2% | 3,5% | 6,1% | 9,7% | 2,1% | 0,8% | 55,1% | |
| | **2020** | 12,9% | 10,6% | 4% | 6,2% | 9,3% | 2,2% | 0,8% | 54% | |
| | **Увоз во планскиот регион % од вкупниот увоз** | | | | | | | | | |
| | **2018** | 7,6% | 6,2% | 3% | 4,3% | 5,5% | 3% | 1,8% | 68,5% | Државен завод за статистика |
| | **2019** | 7,9% | 6,1% | 3,1% | 4,1% | 5,2% | 3% | 1,9% | 68,8% | |
| | **2020** | 7,7% | 5,8% | 2,9% | 4,4% | 5,1% | 3,1% | 1,9% | 69,1% | |

Индикаторите за бизнис и претприемништво на регионално ниво покажуваат разлики што укажуваат на диспропорции во развојот на поволна бизнис клима меѓу планските региони. Како индикатор за рамномерен регионален развој во областа бизнис и претприемништво, беше земен бројот на активни деловни субјекти во одреден плански регион. Најголем број на активни деловни субјекти има во Скопскиот регион, а најмал број на активни деловни субјекти има во Североисточниот плански регион.

*Табела 3: Индикатори за рамномерен регионален развој во областа бизнис и претприемништво*

| Област | Година | Вардарски регион | Источен регион | Југозападен регион | Југоисточен регион | Пелагониски регион | Полошки регион | Североисточен регион | Скопски регион | Извор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бизнис и претприемништво во регионите** | **Број на активни деловни субјекти во планскиот регион** | | | | | | | | | |
| | **2018** | 5 409 | 5 632 | 7 209 | 5 985 | 8 118 | 8 272 | 4 078 | 27 612 | Државен завод за статистика |
| | **2019** | 5 595 | 5 799 | 7 520 | 6 233 | 8 327 | 8 614 | 4 174 | 29 652 | |
| | **2020** | 5 318 | 5 565 | 7 268 | 5 865 | 7 997 | 8 408 | 4 092 | 28 548 | |

Индикаторите на економските, фискалните капацитети и јавната инфраструктура на регионално ниво, покажуваат разлики што укажуваат на диспропорции во финансиските капацитети меѓу планските региони. Како индикатор за економските, фискалните капацитети и јавната инфраструктура на регионално ниво, земени се вкупните јавни инвестиции по глава на жител (во денари) по одделни плански региони. Најмногу вкупни јавни инвестиции по глава на жител има Вардарскиот регион, а најмалку Скопскиот регион.

*Табела 4: Индикатори за рамномерен регионален развој во областа Економските, фискалните капацитети и јавната инфраструктура во регионите*

| Област | Година | Вардарски регион | Источен регион | Југозападен регион | Југоисточен регион | Пелагониски регион | Полошки регион | Североисточен регион | Скопски регион | Извор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Економските, фискалните капацитети и јавната инфраструктура во регионите** | **Вкупни јавни инвестиции по одделни плански региони по глава на жител** | | | | | | | | | |
| | **2016** | 9 217 | 224 | 223 | 198 | 6 169 | 4 408 | 210 | 160 | ЕЦМР |
| | **2017** | 330 | 223 | 231 | 221 | 277 | 147 | 202 | 93 | |
| | **2018** | 2 717 | 2 388 | 1 546 | 2 249 | 1 372 | 1 302 | 1 689 | 833 | |

Индикаторите за состојбата на човечкиот капитал на регионално ниво, покажуваат одредени разлики што укажуваат на диспропорции во развојот на човечкиот капитал меѓу планските региони.  Како прв индикатор за рамномерен регионален развој во областа човечки капитал, беше земена просечно исплатената нето-плата, односно вкупниот износ на пари што работодавецот му го исплаќа на вработениот по сите потребни и доброволни одбивања, по вработен, во денари, во одреден плански регион. Најголем број на активни деловни субјекти има Скопскиот регион, а најмал има Североисточниот плански регион.

Како втор индикатор за рамномерен регионален развој во областа човечки капитал, беше земена стапката на активност, односно учеството на работната сила во работоспособното население од 15 години и повеќе (во проценти), во одреден плански регион. Највисока стапка  на активност има Југоисточниот регион, а најмала има Полошкиот плански регион.

Како трет индикатор за рамномерен регионален развој во областа човечки капитал, беше земена стапката на невработеност, односно учеството на бројот на невработенитево вкупната работна сила (во проценти), во одреден плански регион. Највисока стапка  на невработеност има Североисточниот регион, а најмала има Југоисточниот плански регион.

*Табела 5: Индикатори за рамномерен регионален развој во областа човечки капитал*

| Област | Година | Вардарски регион | Источен регион | Југозападен регион | Југоисточен регион | Пелагониски регион | Полошки регион | Североисточен регион | Скопски регион | Извор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Работна сила и инвестирање во човечки капитал на регионално ниво** | **Просечно исплатена нето-плата по вработен (во денари) во планскиот регион** | | | | | | | | | |
| | **2018** | 19 870 | 19 426 | 21 492 | 19 291 | 22 526 | 22 623 | 18 633 | 28 125 | Државен завод за статистика |
| | **2019** | 21 052 | 20 617 | 22 298 | 20 358 | 23 675 | 23 528 | 19 761 | 28 872 | |
| | **2020** | 23 139 | 22 310 | 24 429 | 21 970 | 25 930 | 25 538 | 21 814 | 30 757 | |
| | **Стапка на активност (%) во планскиот регион** | | | | | | | | | |
| | **2018** | 60.0% | 60.4% | 55.9% | 67.5% | 64.9% | 50.5% | 52.5% | 54.2% | Државен завод за статистика |
| | **2019** | 61.8% | 58.9% | 57.0% | 67.6% | 64.5% | 51.9% | 55.2% | 53.5% | |
| | **2020** | 60.4% | 57.7% | 55.4% | 65.3% | 63.7% | 47.9% | 54.7% | 55.2% | |
| | **Стапка на невработеност (%) во планскиот регион** | | | | | | | | | |
| | **2018** | 15,90% | 11,50% | 29,60% | 10,90% | 15,30% | 29,00% | 35,90% | 19,30% | Државен завод за статистика |
| | **2019** | 10,80% | 7,80% | 24,40% | 6,30% | 13,10% | 28,50% | 33,00% | 14,70% | |
| | **2020** | 11,10% | 8,10% | 24,00% | 4,30% | 13,50% | 24,80% | 32,40% | 14,40% | |

Индикаторите за состојбата на инфраструктурата на регионално ниво, покажуваат одредени разлики што укажуваат на диспропорции во инфраструктурата меѓу планските региони.

Како прв индикатор за рамномерен регионален развој во областа инфраструктура, беше земена вкупната должина на локалната патна мрежа (изразена во km), во одреден плански регион. Најголема патна мрежа има во Полошкиот регион, а најмала во Југоисточниот регион.

Како втор индикатор за рамномерен регионален развој во областа инфраструктура, беа земени инсталираните капацитети за производство на електрична енергија (во MW) во одреден плански регион. Најголем вкупен инсталиран капацитет има во Пелагонискиот регион, а најмал во Североисточниот регион.

Како трет индикатор за рамномерен регионален развој во областа инфраструктура, беше земена потрошувачката на електрична енергија (во GWh) во индустриските сектори во одреден плански регион. Најголема потрошувачка на електрична енергија има во Скопскиот регион, а најмала во Североисточниот регион.

*Табела 6: Индикатори за рамномерен регионален развој во областа инфраструктура*

| Област | Година | Вардарски регион | Источен регион | Југозападен регион | Југоисточен регион | Пелагониски регион | Полошки регион | Североисточен регион | Скопски регион | Извор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Регионална Инфраструктура** | **Локална патна мрежа (km') во планскиот регион** | | | | | | | | | |
| | **2018** | 1 084 | 1 261 | 1 396 | 862 | 1 264 | 1 505 | 1 061 | 1 445 | Државен завод за статистика |
| | **2019** | 1 044 | 1 211 | 1 416 | 867 | 1 195 | 1 575 | 1 121 | 1 445 | |
| | **2020** | 1 026 | 1 218 | 1 422 | 866 | 1 158 | 1 587 | 1 157 | 1 352 | |
| | **Инсталирани капацитети за производство на електрична енергија** | | | | | | | | | |
| | **2018** | 350 | 27 | 272 | 43 | 724 | 216 | 6 | 408 | Државен завод за статистика |
| | **2019** | 354 | 27 | 272 | 43 | 724 | 219 | 6 | 408 | |
| | **2020** | 359 | 27 | 274 | 43 | 724 | 219 | 6 | 408 | |
| | **Потрошувачка на електрична енергија во индустриските сектори** | | | | | | | | | |
| | **2018** | 409 | 88 | 42 | 171 | 161 | 45 | 27 | 589 | Државен завод за статистика |
| | **2019** | 479 | 93 | 46 | 172 | 167 | 46 | 23 | 579 | |
| | **2020** | 607 | 100 | 52 | 167 | 177 | 49 | 30 | 531 | |

Индикаторите за развојот на земјоделството и руралниот регионален развој, покажуваат разлики што укажуваат на диспропорции во земјоделските развојни капацитети меѓу планските региони.  Како индикатор за развојот на земјоделството и руралниот регионален развој, земена е вкупната обработлива земјоделска површина (во хектари), по одделни плански региони. Најмногу обработлива земјоделска површина има Пелагонискиот регион, а најмалку во Скопскиот.

*Табела 7: Индикатори за рамномерен регионален развој во областа Земјоделство и рурален регионален развој*

| Област | Година | Вардарски регион | Источен регион | Југозападен регион | Југоисточен регион | Пелагониски регион | Полошки регион | Североисточен регион | Скопски регион | Извор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Земјоделство и рурален регионален развој** | **Обработлива земјоделска површина во хектари** | | | | | | | | | |
| | **2018** | 55 566 | 77 365 | 49 907 | 59 775 | 116 084 | 41 603 | 78 134 | 40 306 | Државен завод за статистика |
| | **2019** | 55 772 | 78 184 | 49 923 | 60 699 | 115 233 | 41 573 | 78 405 | 40 059 | |
| | **2020** | 55 177 | 78 166 | 49 838 | 60 870 | 114 356 | 41 521 | 76 780 | 40 331 | |

Индикаторите за социјален развој во регионите, покажуваат разлики што укажуваат на диспропорции во социјалните развојни капацитети меѓу планските региони.
Како индикатор за социјален развој во регионите, земен е бројот на домаќинства со социјална парична помош за корисници на возраст од 18 и повеќе години (на 1000 население), по одделни плански региони. Најмногу домаќинства со социјална парична помош за корисници на возраст од 18 и повеќе години има Североисточниот плански регион, а најмалку во Скопскиот регион

*Табела 8: Индикатори за рамномерен регионален развој во областа Социјален развој во регионите ј*

| Област | Година | Вардарски регион | Источен регион | Југозападен регион | Југоисточен регион | Пелагониски регион | Полошки регион | Североисточен регион | Скопски регион | Извор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Социјален развој во регионите** | **Домаќинства со социјална парична помош за корисници на возраст од 18 и повеќе години (на 000 население)** | | | | | | | | | |
| | **2018** | 12.3 | 9.3 | 12.0 | 13.2 | 16.5 | 15.7 | 30.1 | 10.8 | Државен завод за статистика |
| | **2019** | 12.2 | 9.6 | 11.9 | 13.7 | 15.6 | 14.8 | 27.9 | 9.8 | |
| | **2020** | 19.7 | 17.9 | 16.8 | 18.1 | 21.7 | 19.9 | 37.8 | 14.8 | |

Индикаторите за политиките кон животната средина на регионално ниво, покажуваат одредени разлики што укажуваат на диспропорции во пристапот кон животната средина меѓу планските региони.

Како прв индикатор за рамномерен регионален развој во областа животна средина, беше земен собраниот комунален отпад (во илјада тони), во одреден плански регион. Најмногу собран комунален отпад имало во Скопскиот регион, а најмалку во Североисточниот регион.

Како втор индикатор за рамномерен регионален развој во областа животна средина, беше земен создадениот комунален отпад (во илјада тони), во одреден плански регион. Најмногу создаден комунален отпад имало во Скопскиот регион, а најмалку во Североисточниот регион.

*Табела 9: Индикатори за рамномерен регионален развој во областа животна средина*

| Област | Година | Вардарски регион | Источен регион | Југозападен регион | Југоисточен регион | Пелагониски регион | Полошки регион | Североисточен регион | Скопски регион | Извор |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Животна средина и урбанистичко планирање на регионите** | **Собран комунален отпад (во илјада тони)** | | | | | | | | | |
| | **2018** | 61 | 50 | 55 | 45 | 84 | 100 | 64 | 166 | Државен завод за статистика |
| | **2019** | 59 | 77 | 43 | 47 | 112 | 89 | 39 | 165 | |
| | **2020** | 60 | 86 | 56 | 51 | 80 | 86 | 39 | 171 | |
| | **Создаден комунален отпад (во илјада тони)** | | | | | | | | | |
| | **2018** | 112 | 62 | 113 | 61 | 107 | 131 | 99 | 170 | Државен завод за статистика |
| | **2019** | 90 | 100 | 162 | 60 | 139 | 135 | 62 | 168 | |
| | **2020** | 89 | 107 | 184 | 72 | 97 | 129 | 62 | 173 | |

## 3.2. Утврдување на изворите (институции, бази на податоци, документи) на податоци, индикатори и информации

Во табелата се прикажани индикаторите кои се предмет на анализа во рамките на тематската област Рамномерен регионален развој.

| Област | Индикатор | Извор |
|---|---|---|
| Демографија, население и миграции на регионално ниво | Вкупен број на население во планскиот регионот | Државен завод за статистика |
| | Густината на населеност (го означува бројот на населението кое живее на одредена територија и се изразува во ж/km²) по плански региони | Државен завод за статистика |
| | Број на доселено население во планскиот регион | Државен завод за статистика |
| | Број на отселено население од планскиот регион | Државен завод за статистика |
| Економските потенцијали за регионален развој | БДП на планскиот регион по глава на жител | Државен завод за статистика |
| | Извоз од планскиот регион | Државен завод за статистика |
| | Увоз во планскиот регион | Државен завод за статистика |
| Бизнис и претприемништво во регионите | Број на активни деловни субјекти во планскиот регион | Државен завод за статистика |
| | Број на Организации за поддршка на претприемништвото во планскиот регион (препорака) | |
| Економските, фискалните капацитети и јавната инфраструктура во регионите | Вкупни јавни инвестиции по одделни плански региони по глава на жител | Завршна евалуација на стратегијата за регионален развој 2009-2018 и на програмите за развој на планските региони, ЕЦМР. |
| Работна сила и инвестирање во човечки капитал на регионално ниво | Просечно исплатена нето-плата по вработен (во денари) во планскиот регион | Државен завод за статистика |
| | Стапка на активност (%) во планскиот регион | Државен завод за статистика |
| | Стапка на невработеност (%) во планскиот регион | Државен завод за статистика |
| | Создаден комунален отпад (во илјада тони) | Државен завод за статистика |
| Регионална инфраструктура | Локална патна мрежа (km') во планскиот регион | Државен завод за статистика |
| | Инсталирани капацитети за производство на електрична енергија | Државен завод за статистика |
| | Потрошувачка на електрична енергија во индустриските сектори | Државен завод за статистика |
| Земјоделство и рурален регионален развој | Обработлива земјоделска површина | Државен завод за статистика |
| Животна средина | Собран комунален отпад (во илјада тони) | Државен завод за статистика |
| | Инсталирани капацитети за производство на електрична енергија – обновливи извори (препорака) | |
| Социјален развој во регионите | Домаќинства со социјална парична помош за корисници на возраст од 18 и повеќе години (на 000 население) | Државен завод за статистика |

## 3.3. Идентификација на потенцијални недостатоци на индикаторите/податоците

Најголем дел од индикаторите за рамномерен регионален развој кои претставуваат основа за анализа имаат достапни секундарни податоци и за истите можат да се обезбедат соодветни извори. Во мапирањето на индикаторите, како и нивната детална анализа по одделни карактеристики постои одреден недостаток на податоците. Еден од клучните недостатоци при анализа на податоците во оваа тематска област претставува недостатокот на датабази и податоци од повеќе официјални меѓународни статистики од Светската банка, ММФ, Евростат и др.

Евростат[51] овозможува датабаза на податоци од регионалните статистики **само на државите членки на ЕУ**. Дополнително, **индексот на регионална конкурентност** ги следи перформансите на 268 региони на ниво во 28 земји-членки на ЕУ. Тој мери 11 димензии на концепти за опфатување на конкурентноста кои се релевантни за продуктивноста и долгорочниот развој на планските региони во земјите-членки на ЕУ. [52] Индексот мери 70 индикатори и овозможува компарација помеѓу регионите на државите во ЕУ. Во однос на регионите во Република Северна Македонија, податоците поврзани со регионалите статистики се достапни најмногу во податоците на Државен завод за статистика, во публикациите „Регионите во Република Северна Македонија".

Дел од потенцијалните индикатори кои се смета дека би можеле да се вклучат, а за кои нема достапни податоци се:

- Карактеристики на отселените и доселените лица од планските региони (возраст, степен на образование, плански регион)
- Број на Организации за поддршка на претприемништвото во планскиот регион
- Бруто (приватни) инвестиции во планскиот регион
- Стапка на слободни работни места (%) во планскиот регион
- Енергетска инфраструктура за производство на електрична енергија во планскиот регион
- Инсталирани капацитети за производство на електрична енергија од обновливи извори
- Гасоводна транспортна инфраструктура во планскиот регион
- Нафтоводна инфраструктура во планскиот регион
- Води (нови акумулации-намена и капацитет) во планскиот регион
- Број на пречистителни станици во планскиот регион
- Процент од населението покриено со јавен водовод (%) во планскиот регион
- Стапка на сиромашни лица, како % од населението во планскиот регион
- Структура на население според образование во планскиот регион
- Број на спортски сали и спортски објекти во планскиот регион
- Број на објекти за рекреација во планскиот регион

Овие индикатори би ја продлабочиле анализата на карактеристиките и потенцијалите на рамномерниот регионален развој на Северна Македонија во наредниот период.

---

[51] https://ec.europa.eu/eurostat/web/regions/data/database
[52] https://ec.europa.eu/regional_policy/en/information/publications/working-papers/2019/the-european-regional-competitiveness-index-2019

# 4. РЕЗИМЕ НА ИНПУТИ ВО ПРОЦЕСОТ НА КОНСУЛТАЦИИ СО РЕЛЕВАНТНИ ЧИНИТЕЛИ/ИНСТИТУЦИИ

Во консултации со релевантни чинители и институции од 6 плански региони (Полошки регион, Пелагониски регион, Југозападен регион, Југоисточен регион, Источен регион, Североисточен регион) беше добиен инпут од 100 клучни очекувани позитивни промени. Во табелата 10 се прикажани селектирани очекувани позитивни промени, со нивните очекувани придобивки и клучни мерки и активности за како истите да се постигнат.

Целосната листа е достапна во Анекс 1.

*Табела 10~~10~~: Резиме на инпути во процесот на консултации со релевантни чинители/институции*

| **Клучни очекувани позитивни промени до 2042 година**<br>**ВИЗИЈА** | **Образложение на потребите; очекувани придобивки**<br>**ЗОШТО** | **Клучни мерки и активности за постигнување на промените**<br>**КАКО** |
|---|---|---|
| • Постигнат рамномерен регионален развој | • Со постигнат рамномерен регионален развој се елеминираат разликите во развиеноста на регионите, односно се помага во развој на оние региони кои немале достапност до ресурси или потенцијал да се развијат | • Дополнителни вложувања и зголемен процент на поддршката или субвенции за поттикнување за вложување во тие региони |
| • Намалени разлики во развојот на регионите во земјава | • Би се овозможил регионален развој согласно спецификите на секој регион | • Зголемени инвестиции од државниот буџет за развој на неразвиените региони<br>• Доследна реализација на стратегиските развојни планови на регионите |
| • Зајакната прекугранична регионална соработка | • Искористување на достапните фондови од ЕУ<br>• Синергетско спроведување развојни програми во региони од две или повеќе држави кои споделуваат слични специфики<br>• Размена на искуства помеѓу општините и мултиплицирање на добрите практики | • Поврзување со соодветните прекугранични региони<br>• Реплицирање на досегашните успешни модели на соработка.<br>• Јакнење на капацитетите за подготовка на апликации и спроведување проекти финансирани од ЕУ |
| • Зголемен број на инвестициски проекти во рамки на руралните средини и регионите | • Заради намалување на миграциските процеси и движења | • Јакнење на ЛАГ-овите<br>• Формирање на партнерства<br>• Субвенција на проекти од рурален карактер |

| | | |
|---|---|---|
| • Зајакнати капацитети на Центрите за планирање на регионалниот развој (ЦПРР) | • ЦПРР немаат доволно надлежности, ниту капацитет за планирање на регионалниот развој (просторно планирање, енергија, туризам...) | • Измена на законската рамка за надлежностите на ЦПРР<br>• Јакнење на капацитетите на ЦПРР<br>• Подобрување на механизмите за прибирање податоци на регионално ниво<br>• МЛС да прерасне во Министерство за регионален развој, да има надзорна улога и да обезбедува менторство и поддршка за ЦПРР |
| • Регионите ги добиваат законски предвидените средства | • ЕЛС од регионите на проблемите да им пристапуваат регионално | • Процент од ДДВ за регионален развој |
| • Нов модел на регионален развој | • Примена на нов пристап кон регионалниот развој (регионални агенции) | • Креирање на министерство за регионален развој |
| • Одвојување на 1%-2,5% на БДП за регионален економски развој | • За инвестиција во развојни проекти од регионален интерес | • Зголемување на процентот од националниот буџет за регионален развој |
| • Отворање на нови компании во сите плански региони | • Зголемување на вработеноста во планските региони<br>• Зголемување на стандардот и квалитетот на живот | • СДИ<br>• Поддршка од државата |
| • Значително намалени миграциски процеси | • Поради подобрување на квалитет на сите сфери на живеење | • Субвенционирање на проекти за млади<br>• Поддршка на МСП<br>• Субвенции на нововработени |
| • Намален јазот во поглед на инфраструктурата и добри патишта во планските региони | • Овозможување еднакви можности за развој на сите плански региони | • Воспоставување регионални инвестициски фондови |
| • Окрупнување на земјоделските површини и поддршка од државата за мерки за развој на земоделската дејност | • Земјоделско производство по ниски трошоци, а со поголеми приходи (земјоделска „економија на обем“) | • Нови земјоделски јавни политики |
| • Подобрени образовни можности во сите региони, особено во поглед на стручното образование и практичната настава | • Образовниот систем продуцира кадри потребни на бизнисот во секој плански регион | • Реформи во образовните политики, особено во поглед на унапредување на соработката со локалниот и регионалниот бизнис |
| • Дуално образование во поголеми размери | • Да се намали разликата меѓу руралните и урбаните општини<br>• Да се намали одливот на млади | • Привлекување на странски инвеститори |

| | | |
|---|---|---|
| • Потикнување на младите да бидат вклучени во системот (да не си одат од државата), еднаквост на регионите | • Започнување нови бизнис идеи, развој на социјално претприемништво, отварање на нови работни места | • Поволни банкарски услови, ниски каматни стапки, поттикнување на банкарскиот сектор да биде флексибилен во помагање на малите и средните бизниси |
| • Развивање на локален туризам | • Зголемена економска активност во регионите и подобар животен стандард | • Издвојување на повеќе средства за туризам и вложување во инфраструктура |
| • Инвестирање во нови културно-историски знаменитости, како и заштита на веќе постоечките археолошки локалитети | • Поради заштита на културното наследство и истакнување и запознавање со нашата историја и минато | • Со издвојување на повеќе средства за културата и културното наследство |

**Клучните промени** кои се очекуваат од страна на клучните чинители и институции се однесуваат на постигнување на рамномерен регионален развој, зајакната меѓугранична регионална соработка, зголемен број на инвестициски проекти и зајакнати капацитети на ЦПРР. Дополнително се очекуваат поголеми вложувања за развој на регионите кои би придонеле до намалени миграциски движења, подобра регионална инфраструктура и патишта, поквалитетно образование, зголемена земјоделска активност и туризам. **Очекуваните придобивки** од овие промени опфаќаат намалување на разликите помеѓу регионите во државата, регионален развој согласно спецификите на секој регион, искористување на достапните фондови од ЕУ, креирање на нов модел за регионален развој, зголемена економска активност во регионите, заштита на културното наследство и подобрување на квалитет на сите сфери на живеење

**Клучни мерки и активности за постигнување на промените** опфаќаат **поголеми вложувања** од државниот буџет за развој на неразвиените региони, реплицирање на досегашните успешни модели на соработка, процент од ДДВ за регионален развој, креирање на министерство за регионален развој, зголемени странски директни инвестиции, нови земјоделски јавни политики, издвојување на повеќе средства за туризам и вложување во инфраструктура и заштита на културното наследство.

**Врз основа на консултациите со релевантни чинители и институции од 6 плански региони се формира заедничката визија за рамномерниот регионален развој во Национална развојна Стратегија 2022 – 2042:**

***Предлог визија: Северна Македонија е развиена држава која промовира одржлив, инклузивен и рамномерен регионален развој, поткрепен со современа и квалитетна инфраструктура во сите региони, заштитено културно и природно наследство, развиен образовен систем и подобар стандард и квалитет на живот во сите региони во државата.***

# 5. Меѓутематски прашања (социјална инклузија; добро владеење; управување со ризик од катастрофи и отпорност; дигитализација и иновации; родова перспектива, човекови права)

## 5.1. Управување со ризик од катастрофи и отпорност

Управувањето со ризици, заштитата, превенцијата и справување со последиците од катастрофи претставува значаен сегмент на стратегиите за развој на локално, регионално и национално ниво. Пандемијата предизвикана од КОВИД 19 преставува најдобар пример за значењето и важноста за справувањето со ризици и отпорност на општеството. Дополнително, големиот број на природни катастрофи во регионот во изминатите години, годишните пожари во летните временски периоди како и обилните врнежи низ текот на годината, наметнуваат потреба за воспоставување на ефикасен и ефективен систем за управување со ризици што ќе овозможи навремена заштита на животната средина и на човечките животи. Сепак значајно е да се истакне дека засега, во законската и подзаконската регулатива која го регулира рамномерниот регионален развој, управувањето со ризик од катастрофи и отпорност е регулирано на спорадичен начин.

Па така, ЗРРР не содржи одредби кои регулираат аспекти од процесот на управување со ризик од катастрофи и отпорност. Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој предвидува дека содржината на десетгодишната Стратегија за регионален развој на државата, помеѓу останатото треба да содржи и анализа на постојната состојба во планските региони во однос на управување со кризи, заштита и спасување на граѓани и добра, и противпожарна заштита.[53] Истото се однесува и при подготовка на петгодишните Програми за развој на планските региони.[54]

Отпорноста на планските региони и справувањето со ризици се само на генерален начин предвидени во Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 во делот на рурален развој и заштитата на животната средина. Па така во рамки на остварување на првата стратешка цел од Стратегијата која се однесува на обезбедување порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкуренти плански региони, како приоритетна точка 1.6 се предвидува **Развој на земјоделството и рурален развој заснован на споредбените предности на планските региони,** а пак за спроведување на овој приоритет помеѓу останатите мерки се предвидува и "*Воспоставување оперативен систем за превенција и менаџирање на шумски пожари во Пелагонискиот, Источниот и Југоисточниот плански регион. Во оваа насока, од особено значење е соработката со Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување.*" Како приоритетна точка 1.7 од Стратегијата пак се предвидува **- Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус.**

Понатаму, во Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за период 2021-2024, на исполнувањето на точката 1.7 од Стратегијата и се дава првенство во поглед на останатите приоритети, и таа се

[53] Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој 5(1)(3).
[54] Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој 22(1)(3).

предвидува како еден од итните приоритети на државата кој треба да се постигне во најкус временски рок. Следствено, за остварување на оваа приоритетна точка се издвојува речиси 50% од вкупниот буџет за првата стратешка цел, додека за приоритетната точка 1.6 се издвојува 12.8%.[55]

**Потенцијални индикатори**

- *Број на пожарникари во планскиот регион*
- *Број на противпожарни возила во планскиот регион*
- *Просечна старост на противпожарни возила во планскиот регион*
- *Број на меѓуопштински соработки за противпожарна заштита*
- *Број на меѓуопштински соработки за намалување на ризици од катастрофи*
- *Број на регионални стратешки планови за намалување на ризици од катастрофи*
- *Број на катастрофални настани во регионот*

## 5.2. Добро владеење

Процесот на рамномерен регионален развој не е на директен начин поврзан со концептот на доброто владеење, поради фактот што чинителите во оваа област се насочени кон креирање на политики за постигнување на рамномерен регионален развој, додека конкретните активности преку кои може да се цени доброто владеење се одвива првенствено преку останати институции, како што се општините, министерствата и слично. Оттука, чинителите во областа на регионалниот развој само на посреден начин влијаат врз процесот на добро владеење при креирањето на политиките.

Во поглед на транспарентноста при работењето, акцентот повеќе би бил на институции кои се системски значајни за процесот на рамномерен регионален развој во делот на објавување навремени, точни и целосни податоци кои ќе помогнат за следењето на развојот на планските региони. Ова би овозможило и понатамошно навремено објавување на податоци и од страна на Центрите за развој на планските региони, како и креирање на соодветни политики за рамномерен регионален развој. Па така во овој дел значаен придонес дава студијата за Проценка на доброто владеење во единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија преку индексот на отвореност за 2021 година.

Во однос на планските региони, во под-областа заложба за транспарентност и отчетност највисоко се оценети ЕЛС во Североисточниот регион (41%), а најниско општините во Вардарскиот регион (24%)[56].

Во однос на планските региони, во под-областа пристап до информации и услуги највисоко се оценети ЕЛС во Југоисточниот регион (29%), а најниско општините во Југозападниот регион (17%). Во под-областа јавни консултации највисоко се оценети ЕЛС во Југоисточниот регион (28%), а најниско општините во Полошкиот регион (4%).[57] Цо под-областа интеракција со граѓаните највисоко се оценети ЕЛС во Југоисточниот регион (40%), а најниско општините во Југозападниот регион (23%)[58].

---

[55] Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за период 2021-2024, стр. 14-15.

[56] ПРОЦЕНКА НА ДОБРОТО ВЛАДЕЕЊЕ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ИНДЕКСОТ НА ОТВОРЕНОСТ – МЕРЕЊЕ ЗА 2021 ГОДИН, УСАИД- Скопје, август 2021 година, стр 17.

[57] ПРОЦЕНКА НА ДОБРОТО ВЛАДЕЕЊЕ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ИНДЕКСОТ НА ОТВОРЕНОСТ – МЕРЕЊЕ ЗА 2021 ГОДИН, УСАИД- Скопје, август 2021 година, стр 31.

[58] ПРОЦЕНКА НА ДОБРОТО ВЛАДЕЕЊЕ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ИНДЕКСОТ НА ОТВОРЕНОСТ – МЕРЕЊЕ ЗА 2021 ГОДИН, УСАИД- Скопје, август 2021 година, стр 32

Партиципативноста пак во поглед на рамномерниот регионален развој се постигнува на начин што во главните институции кои ги креираат политиките членуваат и застапени се претставници на владата, министерствата, институции кои работат во областа на регионалниот развој, единиците на локална самоуправа, ЗЕЛС и сл.

Транспарентноста се остварува и подлежи на контрола и во рамките на процесот на оценување на предлог-проекти за развој на планските региони, предлог проектите за развој на урбаните подрачја, предлог - проектите за развој на подрачјата со специфични развојни потреби, предлог - проектите за развој на селата и предлог - проектите за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност. Па така во Правилникот за начинот и методологијата за оцена на предлог-проектите се предвидува дека при оцена на проектите се зема предвид и транспарентноста, односно дали на интернет страницата на Центарот за развој постои јасно издвоен дел каде на прегледен начин се достапни документи поврзани со нивното работење.[59]

## 5.3. Родова еднаквост

Прашањето за родовата еднаквост се повеќе добива на значење при креирањето на политиките како на национално, така и на регионално и локално ниво.

Иако ЗРРР не содржи одредби кои се однесуваат на родовата еднаквост, таа е предвидена и регулирана во најголемиот дел од останатите подзаконски акти. Па така во Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој, се предвидува дека десетгодишната Стратегија за регионален развој на државата, помеѓу останатото, треба да придонесе и кон остварување на повисок степен на родова еднаквост.[60] Понатаму, и при подготовката на финансискиот план на Програмата за спроведување на Стратегијата треба се води сметка за родово одговорно буџетирање.[61] Исто така и при вршењето на секторски анализи на постојната состојба во планските региони, кога е тоа можно врз основа на јавно достапни институционални податоци разделени по пол, секторската анализа треба да вклучи и родова анализа[62]

Следствено во Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за 2021-2031 содржан е дел кој се однесува на **придонесот на Стратегијата за остварување повисок степен на родова еднаквост.** Понатаму стратешката цел 2 од Стратегијата се однесува на - **Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од населението,** додека пак приоритетната точка 2.4 се однесува на **обезбедување повисок степен на родова еднаквост во планските региони.**

Од друга страна Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за период 2021-2024 за остварување на приоритетната точка 2.4 предвидува само 0.7% од вкупниот буџет за остварување на стратешката цел бр. 2 и тоа само за 2021 и 2022 година, што е незначителен износ во поглед на средствата кои ќе се издвојат за остварување на останатите приоритети во вој дел.[63] Оттука, за да се оствари оваа цел, неопходно е во иднина да бидат издвоени повеќе средства.

[59] Правилник за начинот и методологијата за оцена на предлог-проекти, член 10(5).
[60] Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој 5(1)(1).
[61] Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој 18(3).
[62] Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој 24(5).
[63] Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за период 2021-2024, стр. 17-18.

**Потенцијални индикатори**
- *Структурни белези на населението според пол во планскиот регион*
- *Број на жени претприемачи во планскиот регион*
- *Стапка на невработеност жени во планскиот регион*
- *Просечно исплатена нето-плата на жени (во денари) во планскиот регион*
- *Процентуално учество на жени носители на индивидуални стопанства*
- *Број на матични гинеколози на 1.000 жени осигуреници во планскиот регион*
- *Структура на жените според образование во планскиот регион*

## 5.4. Социјална инклузија

Социјалната инклузија е особено значајна област и традиционално спроведувањето на значаен дел од социјалната политика се спроведува и на локално ниво. Оттука и планските региони и политиките за регионален развој во себе опфаќаат и социјалната компонента.

ЗРРР на генерален начин предвидува социјален развој во рамките на дефиницијата за регионален развој како "*долгорочен процес на унапредување на одржливиот економски и социјален развој на државата кој се остварува преку идентификување, поттикнување, управување и искористување на развојните потенцијали на планските региони, урбаните подрачја, подрачјата со специфични развојни потреби и селата.*"[64]

Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој, предвидува дека содржината на десетгодишната Стратегија за регионален развој на државата, помеѓу останатото треба да содржи и анализа на постојната состојба во планските региони во однос на социјален развој вклучувајќи намалување на сиромаштија и социјалната исклученост, социјална заштита, заштита на децата, пензиско и здравствено осигурување и заштита, домаќинства, услови за живот и домување и други области на социјалниот развој во планските региони.[65] Истото се однесува и при подготовка на петгодишните програми за Развој на планските региони.[66]

Следствено, во Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за 2021-2031 **содржан е дел кој содржи анализа на социјалниот развој во кој се опфатени делови како стапки на сиромаштија и социјална исклученост, социјална заштита, заштита на децата, пензиско осигурување, здравствено осигурување и домаќинства, услови за живот и домување**. Понатаму стратешката цел 2 од Стратегијата се однесува на **Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од населението,** додека пак приоритетната точка 2.3 се однесува на **Обезбедување поголема социјална кохезија меѓу и во рамките на планските региони.**

Понатаму, во Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за период 2021-2024, исполнувањето на точката 2.3 е една од приоритетните цели кои треба да се остварат во побрзо време. Следствено, за

[64] ЗРРР, член 2(1).
[65] Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој, член 5(1)(3).
[66] Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој член 22(1)(3).

остварување на оваа приоритетна точка се издвојува 13.3% од вкупниот буџет за втората стратешка цел.[67]

Конечно, и Правилникот за начинот и методологијата за оценувањето на предлог-проекти предвидува дека како еден од критериумите за оцена на предлог - проектите се зема предвид и социјалната инклузивност на предлог-проектот, односно дали со предлог-проектот се адресираат проблемите на лицата кои припаѓаат на најмалку една од наведениве ранливи и маргинализирани групи во планскиот регион: деца со попреченост; возрасни лица со попреченост; стари лица; самохрани родители; бездомни лица; жртви на семејно насилство; стари лица од изолирани рурални подрачја; деца од изолирани рурални подрачја; жени од изолирани рурални подрачја; долгорочно невработени лица; лица кои работат во сивата економија; и лица од малцинските етнички и верски заедници.[68]

**Потенцијални идникатори:**

- *Стапка на сиромашни лица, како % од населението во планскиот регион*
- *Број на општи матични лекари на 1.000 осигуреници во планскиот регион*
- *Регионална кохезија: дисперзија на стапките на вработеност по региони*
- *Комбиниран индикатор (AROPE), стапка на сиромашни или социјално исклучени лица во планските региони*
- *Стапка на сиромашни лица пред социјални трансфери и пред пензии, % од населението во пплансите региони*

## 5.5. Дигитализација и иновации

Дигитализацијата претставува неминовен процес и самата претставува продукт на човековата иновативност. Од друга страна дигитализацијата понатаму уште повеќе стимулира нови иновации. Оттука, дигитализацијата и иновациите имаат значаен придонес во обезбедувањето на регионален раст во Република Северна Македонија.

Во поглед на **иновациите**, ЗРРР предвидува дека една од основните цели на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој е и **зголемувањето на конкурентноста на планските региони преку јакнење на нивниот иновациски капацитет**.[69]

Понатаму, Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој, предвидува дека содржината на десетгодишната Стратегија за регионален развој на државата, помеѓу останатото треба да содржи и анализа на постојната состојба во планските региони во однос на поддршка за развој на мали и средни претпријатија, претприемништво, иновации, паметна специјализација, конкурентност и други области на економскиот развој во планските региони.[70] Истото се однесува и при подготовка на петгодишните програми за Развој на планските региони.[71]

Следствено, во Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за 2021-2031 **содржан е дел кој содржи анализа на поддршката за развој на малите и средни претпријатија, претприемништво, иновации, мудра**

---

[67] Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за период 2021-2024, стр. 17-18.
[68] Правилник за начинот и методологијата за оценувањето на предлог-проекти, член 10(4).
[69] ЗРРР, член 3.
[70] Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој, член 5(1)(3).
[71] Правилникот за методологијата за изработка на планските документи за регионален развој член 22(1)(3).

**специјализација и конкурентност.** Понатаму, во рамки на првата стратешката цел од Стратегијата која се однесува на обезбедување порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкуренти плански региони, како приоритетна точка 1.4 се предвидува **Регионален пристап при конципирање на политиките за поддршка на претприемништвото и развој на индустријата.** Во Програмата за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за период 2021-2024 за исполнувањето на приоритетната точката 1.4 се издвојува 13.5% од вкупниот буџет за првата стратешка цел.[72] Конечно, и Правилникот за начинот и методологијата за оценувањето на предлог-проекти предвидува дека како еден од критериумите за оцена на предлог -проектите се зема предвид и иновативноста.[73]

За разлика од иновативноста, кога станува збор за **дигитализацијата**, видно е дека актите кои се однесуваат на рамномерниот регионален развој не посветуваат доволно внимание и значење. Па така најголемиот дел од инструментите воопшто не содржат одредби кои се однесуваат на дигитализацијата. Во Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031, во делот на методолошката рамка експлицитно се наведува дека "*При прва ревизија на Стратегијата пожелно е да изнајдат ресурси и да се навлезе подлабоко во анализа на состојбите поврзани со културата, спортот и рекреацијата, интегрално во системот за управување со кризи, заштита и спасување и противпожарна заштита,* ***дигитализацијата*** *и концептот на „паметни" градови и во анализа на други развојни предизвици поврзани со одржливоста и отпорноста на урбаните подрачја имајќи ја во предвид потребата за подобрување на урбано-руралните односи.*" Понатаму, во рамки на Стратегијата, во делот на втората стратешка цел, како една од мерките за остварување на приоритетната точка 2.3 која се однесува на обезбедување поголема социјална кохезија меѓу и во рамките на планските региони, се предвидува и - намалување и превенирање на дигиталната исклученост во планските региони преку подготовка на стратегија за дигитална вклученост; субвенционирање на целосна покриеност на домаќинства со интернет; натамошна дигитализација на јавните сервиси се до постигнување на целосно дигитално опслужување и универзална достапност до 2025 година. Следствено, во овој момент дигитализацијата има спорадично учество во рамки на инструментите за регионален развој, но има јасни препораки дека во носењето на идните акти да потребно е да се даде поголема важност.

**Потенцијален индикатор:**

- *Број на Организации за поддршка на претприемништвото и иновациите во планскиот регион*
- *Домаќинства кои користеле широкопојасно поврзување на интернет*
- *Број на проекти финансирани од страна на Министерството за Локална Самоуправа и Бирото за регионален развој кои директно целат кон зајакнување на претприемништвото и развојот на секторот на МСП во планскиот регион*

Во согласност со нацртот на новата Национална Стратегија за ИКТ (2021-2025)[74], политиката за дигитализација и услуги се разгледува како интегриран збир на правила

[72] Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за период 2021-2024, стр. 13-14.
[73] Правилник за начинот и методологијата за оценувањето на предлог-проекти, член 11(9).
[74] Нацрт Национална Стратегија за ИКТ (2021-2025). Достапна на https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=newdocumentdetails&detalisId=23

според кои владините агенции ќе управуваат со испораката на услуги, информации и податоци, технологија и кибер-безбедност во дигиталната ера. Оттука дигитализација на ниво на регион може да се разгледа на три нивоа: дигитализација на податоци и развој на системи, електронска размена на податоци преку платфромата за интероперабилност, и понуда на е-услуги за граѓаните и правните лица. Истото отвора можност за разгледување на дигитализацијата преку следните индикатори:

- Број на општини и други институции кои работат на локално и регионално ниво вклучени на платформата на интероперабилност на МИОА - вклучени во системот за електронска размена на податоци со други институции согласно законските регулативи[75];
- Број на општини и други институции кои работат на локално и регионално ниво кои нудат дигитализирани услуги за граѓаните (на пример преку националниот портал за е-услуги uslugi.gov.мк ) (среден рок).
- Број на решенија засновани на големи податочни бази и вештачка интелегенција за носење информирани одлуки за мерки, програми, и политики на локално и регионално ниво; (среднорочна цел);
- Број на паметни градови по региони (среднорочна/долгорочна цел).

Во делот на иновациите и регионалниот развој, треба да се напоменат регионалните стратегии за иновации кои беа развиени за сите осум плански региони за периодот 2017-2020-та година. Во иднина сепак кога станува збор за иновативниот капацитет на регионите можеби треба да се применат индикатори од европската методологија за проценка на иновативниот потенцијал на региони. До сега истата е применета само еднаш во 2017-ма година за скопскиот плански регион[76]. Специфични индикатори кои произлегуваат од оваа рамка а кои би можеле да се разгледаат во Националната развојна Стратегија во однос на иновативноста на регионите се:

- Степен на урбанизација на регионот - прокси индикатор - урбанизираните региони се поиновативни бидејќи привлекуваат поголем број на високо образовани граѓани;
- Удел во БДП кој се инвестира во истражување и развој по плански регион (јавен и приватен);
- Удел во националните научно истражувачки публикации во меѓународни списанија објавени од регионот;
- Број на патенти регистрирани на национално и/или европско ниво по плански региони;
- Удел на вработени во knowledge-insentive индустриите во регионот;
- Број на проекти финианисирани од локален/национален буџет кои вклучуваат развој на иновативни решенија за решавање на предизвиците на локалната

[75] МИОА(2021) Насоки за поврзување на платформата за интероперабилност. Достапно на: https://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/nasoki_za_povrzuvanje_na_platformata_za_interoperabilnost.pdf
[76] Dukovski, V. and Bogdanovska A. (2017). Innovation Potential and Dominant Emerging Industries - Skopje Planning Region. Available at: http://www.innoplatform.eu/images/deliverables/d.3.x.3/D3.1.3-Regional-report-on-innovation-potential-and-dominant-emerging-industries-MK.pdf

заедница, на пример https://vlada.mk/?q=node/14315 (краткорочна цел) но не мора истите да бидат социјално претприемништво;

## 5.6 Човекови права

Рамномерниот регионален развој претставува процес на идентификување, поттикнување, управување и искористување на развојните потенцијали на регионите во државите со посебен акцент на развој на економијата, спорт, култура, заштита на животна средина, справување со ризици и катастрофи, инклузија на млади и слично. Токму од оваа причина, примена на пристапот заснован на човекови права во горенаведените области може да доведе до рамномерен регионален развој преку детектирање на недостатоците или областите во кои има поголема потреба од интервенција преку почитување и унапредување на човековите права.

Дополнително, пристапот заснован на човекови права овозможува формулирање на развојни програми кои мора да ги вклучат човековите права, јакнење на маргинализираните групи и одговорност на засегнатите страни со цел да се намали нееднаквоста и дискриминацијата кои во голема мера можат да влијаат на рамномерниот регионален развој.

Со цел оценување на почитувањето и вклученоста на човековите правата во политиките за рамномерниот регионален развој ќе се земат предвид следните принципи на ПЗЧП: партиципативноста (учество и инклузивност); отчетност (одговорност и транспарентност) и недискриминација.

**а) партиципативноста (учество и инклузивност);**

Врз основа на тематската анализа која се однесува на секторот рамномерен регионален развој, може да се констатираат недостатоци во примена на пристапот заснован на човекови права не само во донесување на закони и подзаконски акти, туку и при креирање на други важни документи, стратегии и програми. Видно од анализата, не можат да се извлечат заклучоци дали законите, подзаконските акти, стратегиите, програмите, правилниците и плановите се донесени во инклузивен процес со учество на сите засегнати државни институции, општините, академијата, бизнис секторот, граѓанските организации, но најбитно граѓаните кои живеат во осумте плански региони во државава и кои нај повеќе се засегнати од донесувањето на вакви документи. Не може да се оцени дали процесот на донесување на овие документи бил доволно транспарентен и дали недостигала широка дискусија, но може да се констатира дека недостига примена на пристапот заснован на човекови права.

**б) отчетност (одговорност и транспарентност);**

Отчетноста на државата се оценува преку степенот на нејзината одговорност и транспарентност во унапредување на рамномерниот регионален развој. Од анализата може да се констатира дека не се постигнати резултати во намалување на социо-економските диспаритети помеѓу планските региони, напротив според одредени индикатори има продлабочување на разликите помеѓу регионите особено кај Скопскиот регион во однос на останатите плански региони. Тој диспаритет, меѓу другото, може да се утврди и од фактот дека Скопскиот регион има највисок бруто домашен производ по глава на жител за разлика од другите плански региони.

Имајќи го предвид фактот дека Законот за рамномерен регионален развој е донесен во 2021 година, со тоа се јавува потреба од усогласување на стратегиите, програмите, правилниците и плановите со новиот закон, особено усогласување на одлуката за индикатори за пресметување на вредноста на развојниот индекс. Ова усогласување значително ќе придонесе за намалување на неконзистентност во

различните стратешки документи. Дополнително, процесот на усогласување потребно е да биде транспарентен и со вклученост на сите засегнати страни.

Недостиг на одговорност на државата се лоцира и во отсуството на континуитет во спроведување на стратешките документи, отсуство на конкретни механизми кои ќе овозможат мониторинг на институциите кои се задолжени за имплементација на стратешките документи. Како круцијален недостаток се посочува потребата од анализа на податоците, а таа анализа не може да се подготви во услови на непостоење на датабази, со исклучок на меѓународните статистики. Во овој контекст се лоцира потребата и од следење на спроведување на стратешките документи во повеќе области како што се: образованието, деловниот сектор, здравството, демографијата, социјална сфера, почитување на човекови права, конкурентност, претприемништво, иновации, технолошки развој и сл.

**в) недискриминација**

Стратешките документи кои се однесуваат на рамномерен регионален развој не го содржат пристапот заснован на човекови права од аспект на промовирање на недискриминација. При ревидирање на стратешките документи потребно е да се посвети внимание на индикаторите кои се однесуваат на специфични групи земајќи ја предвид родовата перспектива, маргинализираните групи на граѓани и сл. За таа цел, ќе биде потребно индикаторите кои ќе се изработат за имплементација на овие стратешки документи да содржат компоненти според кои ќе можат да се идентификуваат структурните белези на населението, бројот на жени претприемачи во секој плански регион, стапка на невработеност со вклучена родова компонента, стапка на сиромашни лица во секој плански регион, структура на населението според степенот на образование, учество на млади и нивен придонес во економскиот развој на секој плански регион, број на спортски објекти и сл. Кога овие индикатори ќе се утврдат и имплементираат во пракса, ќе можат да се добијат значајни информации за секој плански регион со цел да не постои дискриминација на одредени групи на граѓани во однос на други во секој поединечен регион. Воедно, ќе се добијат информации во кој плански регион потребно е зголемување на финансирањето со цел намалување на нееднаквоста.

# 6. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ВО ВРСКА СО ПРОЦЕСИТЕ НА НРС

Рамномерниот регионален развој е клучна област во националната стратегија за развој, бидејќи е поврзан со сите останати компоненти на развојот на една земја. Оттука нашата обработка на оваа тематска област водеше сметка да ги опфати клучните аспекти од рамномерниот регионален развој, да ги мапира клучните засегнати страни и да ги идентификува потенцијалните недостатоци во податоците и индикаторите.

*Анализата на клучните стратешки документи, нивниот опфат, целите кои се дефинирани во истите, како и политиките укажаа на следните предизвици во поглед на усогласеност на стратките документи од тематската област:*

- ✓ Голем дел од областите важни за рамномерниот развој –се третирани во голем број на стратешки документи од обласа на образованието, деловниот сектор, претприемништвото, здравството, демографијата, социјалната сфера, конкурентноста и технолошкиот развој итн.
- ✓ Потребно е да се изврши целосно усогласување на сите стратешки документи со новиот Закон за рамномерен регионален развој од 2021 година. Голем дел од документите кои се однесуваат на рамномерниот регионален развој се донесени при важењето на Законот за рамномерен регионален развој од 2007 година.
- ✓ Постојат мноштво на институции и чинители кои се инволвирани на директен или индиректен начин во процесот на регионален развој. Оттука тешко е да се постигне секогаш усогласеност  во целите/политиките од интерес регионалниот развој во различните стратешки документи – особено на хоризонтално и вертикално ниво.
- ✓ Во дадени инструменти Голем дел од значајните прашања се мулти секторски па оттука неопходно е да се обезбеди високо ниво на соработка, координација и проток на информации.

*Постојат и потенцијални потешкотии и предизвици во доменот на спроведувањето на клучните стратешки документи/политики кои се исклучително важни и е потребно да бидат земено предвид:*

- ✓ Регионалниот развој е мултидисциплинарен процес во кој е неопходно учество да земат бројни чинители. Оттука мора да постои високо ниво на координација и соработка за да се постигнат и остварат предвидените цели. Основен предуслов за непречено движење на овие процеси е постоење на институционални капацитети. Од стратешките документи е видно дека малку внимание и ресурси се посветува на градењето на кадровските капацитети на институциите.
- ✓ Често дефинираните мерки и активности во стратешките документи не се во согласност со кадровските, административните и други потенцијали, ресурси за нивна имплементација. Често процедурите при подготовка на овие документи/законски решенија не ги следат добрите начела/практики во нивна подготовка што понатаму влијае на имплементацијата.

- ✓ Отсуствува континуитет во спроведување на стратешките документи – со промена на политичките гарнитури/раководни лица процесите се менуваат или забавуваат.
- ✓ Потребни се конкретни механизми кои ќе овозможат мониторинг, следење, меѓутоа и начин на контрола/стимулирање на засегнатите институции за имплементација на стратешките документи – кои треба да ги чувствуваат како свои.
- ✓ Понекогаш постои неконзистентност во различните стратешки документи, или нејасно дефинирање на улогата на секоја од засегнатите страни, што исто така може да влијае на процесот на имплементација.

Обработката на тематската област Рамномерен регионален развој беше фокусирана на утврдување на клучни индикатори и потенцијални извори на податоци за утврдување на истите – во следните области: Демографија, население и миграции на регионално ниво; Економските потенцијали за регионален развој; Бизнис и претприемништво во регионите; Економските, фискалните капацитети и јавната инфраструктура во регионите; Работна сила и инвестирање во човечки капитал на регионално ниво; Регионална инфраструктура – (транспортна, телекомуникациска и енергетска инфраструктура); Земјоделството и рурален регионален развој; Животна средина и урбанистичко планирање во регионите; и Социјален развој во регионите.

Најголем дел од индикаторите за рамномерен регионален развој кои претставуваат основа за анализа имаат достапни секундарни податоци и за истите можат да се обезбедат соодветни извори. Во мапирањето на индикаторите, како и нивната детална анализа по одделни карактеристики постои одреден недостаток на податоците.

Еден од клучните недостатоци при анализа на податоците во оваа тематска област претставува недостатокот на датабази и податоци од повеќе официјални меѓународни статистики од Светската банка, ММФ, Евростат и др.

Во оваа анализа дадени се и соодветни насоки кои можат да претставуваат дополнување и би дале свој придонес во анализата на карактеристиките и потенцијалите на рамномерниот регионален развој на Северна Македонија во наредниот период: Карактеристики на отселените и доселените лица од планските региони (возраст, степен на образование, плански регион), Број на Организации за поддршка на претприемништвото во планскиот регион, Бруто (приватни) инвестиции во планскиот регион, Стапка на слободни работни места (%) во планскиот регион, Енергетска инфраструктура за производство на електрична енергија во планскиот регион, Инсталирани капацитети за производство на електрична енергија од обновливи извори, Гасоводна транспортна инфраструктура во планскиот регион, Нафтоводна инфраструктура во планскиот регион, Води (нови акумулации-намена и капацитет) во планскиот регион, Број на пречистителни станици во планскиот регион, Процент од населението покриено со јавен водовод (%) во планскиот регион, Стапка на сиромашни лица, како % од населението во планскиот регион, Структура на население според образование во планскиот регион, Број на спортски сали и спортски објекти во планскиот регион и Број на објекти за рекреација во планскиот регион.

Политиките за рамномерен регионален развој ќе ја зајакнат регионалната конкурентност ѕи ќе обезбедат рационално и одржливо искористување на регионалните ресурси. Поддршката на рамномерниот регионален развој ќе овозможи подобар стандард и квалитет на живот во сите делови на Република Северна Македонија.

# Анекс 1

| **Клучни документи во тематската област за НРС** | **Цели на инструментот** | **Предизвици поврзани со имплементацијата на целите од инструментот** |
|---|---|---|
| **Закон за рамномерен регионален развој** | Законот претставува основен извор кој треба да овозможи рамномерен и одржлив развој на целата територија на Република Северна Македонија, заснован врз моделот на полицентричен развој, да ги намали на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и да го подигне квалитетот на животот на сите граѓани, да ја зголеми нивната конкурентност преку јакнење на нивниот иновациски капацитет, да овозможи оптимално користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености на различните региони, како и да обезбеди поддршка на меѓуопштинската и прекугранична соработка на општините во функција на поттикнување рамномерен регионален развој. | Операционализацијата и имплементацијата на законот се врши првенствено преку стратегии, програми и акциски планови кои се носат на кус, среден и долг рок. Оттука, овие инструменти имаат поголемо значење во доменот на имплементација на политиките за рамномерен регионален развој.<br><br>За таа цел потребно е да се имплементираат одредбите од ЗРРР, во делот на обврската на МЛС за воспоставување на систем, односно регистар кој има за цел водење на евиденција за развојните потенцијали на планските региони. |
| **Одлука за поблиски критериуми и индикатори за определување на степенот на развиеност на планските региони** | Се предвидуваат 2 основни критериуми за утврдување на економската развиеност на планските региони - економско социјалниот индекс и демографскиот индекс. | Потребно е да се изврши соодветна корекција на Одлуката во насока на новиот ЗРРР, и да се ревидираат и дополнат индикаторите. Демографскиот индекс во голем дел останува неоперативен поради отсуството на успешен попис со кој ќе се добијат задоволителни податоци кои се однесуваат на овој индекс. |

| | | |
|---|---|---|
| **Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031** | Стратегијата е главен документ во кој се преточени конкретни чекори за имплементација на целите од ЗРРР. Стратегијата ги имплементира концептот, приоритетите и стратешките цели на развојот на планските региони, мерките и инструментите за поттикнување на развојот на планските региони. Стратешки цели кои треба да се постигнат со Стратегијата се:<br>4. Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкурентни плански региони<br>5. Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од населението<br>6. Значително зајакната политика за регионален развој, подобрени финансиски инструменти за нејзино спроведување и изградени административни капацитети на централно, регионално и локално ниво | Стратегијата за регионален развој 2021-2031 е создадена преку подготовка на 12 студии со секторска анализа на вкупно 16 тематски области од страна на тим сочинет од 19 национални експерти. Оттука Стратегијата покрива широка материја. Главниот предизвик во имплементација на Стратегијата е успешна соработка и координација на инволвираните институции со цел да се постигнат дефинираните приоритети. |
| **Програма за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија за период 2021-2024** | Програмата претставува среднорочен оперативен документ за спроведување на целите предвидени во Стратегијата, која ја предвидува првата фаза од спроведувањето на Стратегијата. Програмата содржи планирани стратешки цели, приоритети и мерки кои треба да се постигнат, временски рокови и динамика за нивно остварување како и предвидени средства. Оттука програмата предвидува кои приоритети од стратешките цели предвидени во Стратегијата, треба да бидат исполнети рок од 4 години | Од програмата е видно дека од вкупните буџетски средства, 69% се предвидени за исполнување на првата стратешка цел, 31% за втората стратешка цел, додека за третата стратешка цел се предвидени скромни 0.04% од вкупниот буџет. Третата стратешка цел се однесува на градење на административни капацитети, што пак претставува основен предуслов за успешно исполнување на останатите цели. Недостаток на соодветна институционална инфраструктура го доведува во прашање исполнувањето на останатите цели, бидејќи ја намалува можноста за имплементација, координација и мониторинг на активностите. |

| | | |
|---|---|---|
| **Програми за развој на планските региони**. | Програмите се носат од страна на планските региони, и истите мораат да бидат во целост усогласени со Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија. Оттука, на сличен начин како и програмите за спроведување на Стратегијата и Програмите за развој на планските региони содржат дефинирање на капацитетите на планските региони, стратешките цели и приоритетни области. | Секој од планските региони ги дефинира приоритетните области врз основ на своите потреби и своите капацитети. Без разлика на дефинираните приоритети на планските региони, повторно, основниот услов за успех на било која мерка е постоење на соодветен институционален капацитет кој ќе овозможи соработка, координација, имплементација и мониторирање на преземените активности. |
| **Закон за локална самоуправа,**<br>**Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија,**<br>**Закон за меѓуопштинска соработка, и**<br>**Закон за финансирање на ЕЛС** | Овие системски закони дефинираат различни аспекти поврзани со процесот на децентрализацијата, вклучувајќи ја територијалната поделба на државата, надлежностите и одговорностите на општините, начините на меѓусебна соработка и начинот на нивно финансирање. | Дел од законите се донесени пред воопшто да биде донесен првиот Закон за рамномерен регионален развој во 2007 година па следствено не ги предвидуваат планските региони како значајни организациони форми во работењето на единиците на локалната самоуправа. Без разлика на тоа, регионалниот развој е нераскинливо поврзан со развојот на општините, што пак е условено од законската рамка која се однесува на надлежностите, одговорностите и финансирањето на општините. |
| **Програма за одржлив локален развој и децентрализација на Република Македонија 2021-2026** | Инструмент со кој на среден рок се определуваат целите и приоритетите за развој на локалната самоуправа и спроведувањето на процесот на децентрализација. | Бидејќи процесот на децентрализација е мултисекторски, оваа политика навлегува во политиките на скоро сите министерства и затоа е неопходно директно учество на сите, вклучувајќи и други надлежни институции, ЗЕЛС, локалните власти и граѓанскиот сектор во нејзиното подготвување и спроведување |
| **Фискалната стратегија на Северна Македонија за 2021-2023** | Стратегијата е инструмент за среднорочно планирање во кој се предлагаат насоките и целите на фискалната политика и основните макроекономски проекции и показатели. | Фокусот на фискалната стратегија е на ЕЛС и само мал дел е посветен на регионалниот развој, во кој само на генерален начин се предвидува дека и во иднина ќе да продолжат активностите за рамномерен регионален развој и унапредување на сите региони во земјата. |

| | | |
|---|---|---|
| **Индустриска стратегија на Република Северна Македонија 2018-2027** | Унапредување на индустријализацијата, преку стимулирање на растот и развојот на преработувачката индустрија, со цел зголемување на продуктивноста, создавање добри работни места, зголемување на приходите и зајакнување на човечкиот капитал. Стратегијата исто така ја истакнува потребата од Зголемување иновациите и трансферот на технологии, како и стимулирање на извозот на преработувачката индустрија и заложбите за подобрување на конкурентноста на домашната индустрија. | Иако стратегијата предвидува поврзување во кластери на одделни компании од соодветни индустрии сепак по анализа на новата индустриска стратегија се забележува дека недостасува регионалната компонентата односно фокусот на рамномерниот регионален развој. |

Анекс 2

## ИНПУТИ ВО ПРОЦЕСОТ НА КОНСУЛТАЦИИ СО РЕЛЕВАНТНИ ЧИНИТЕЛИ/ИНСТИТУЦИИ

1. Полошки регион (Тетово)

| **Клучни очекувани позитивни промени до 2042 година<br>ВИЗИЈА** | **Образложение на потребите; очекувани придобивки<br>ЗОШТО** | **Клучни мерки и активности за постигнување на промените<br>КАКО** |
|---|---|---|
| • Вистинско одвојување на 1% на БДП за регионален економски развој | • За инвестиција во развојни проекти | • Подготовка на проекти со регионален интерес |
| • Иницијативи за младите, да се образуваат во специфични области (не само медицина, економија) | • Да имаме поквалификувана работна сила | • Од помлада возраст децата да се едуцираат дека не мора да бидат доктори или професори, туку дека има и други професии |
| • Повеќе поддршка и субвенции за регионите од страна на државата | | • Одвојување повеќе пари од буџетот<br>• Повеќе поддршка на малите и средните бизниси |
| • Дуално образование во поголеми размери | • Да се намали разликата меѓу руралните и урбаните општини<br>• Да се намали одливот на млади | • Привлекување на странски инвеститори |
| • Поголема фискална администрација | | • Обука за изработка на проекти и стручна поддршка<br>• Поддршка на локалните бизниси |
| • Подобра инфраструктура во неразвиените региони | | • Имплементација на стратегии на плански региони |

## 2. Пелагониски регион (Битола)

| Клучни очекувани позитивни промени до 2042 година<br>ВИЗИЈА | Образложение на потребите; очекувани придобивки<br>ЗОШТО | Клучни мерки и активности за постигнување на промените<br>КАКО |
|---|---|---|
| • Зајакнати капацитети на Центрите за планирање на регионалниот развој (ЦПРР)<br>• Намалени разлики во развојот на регионите во земјава | • ЦПРР немаат доволно надлежности, ниту капацитет за планирање на регионалниот развој (просторно планирање, енергија, туризам...)<br>• Би се овозможил регионален развој согласно спецификите на секој регион | • Измена на законската рамка за надлежностите на ЦПРР<br>• Јакнење на капацитетите на ЦПРР<br>• Подобрување на механизмите за прибирање податоци на регионално ниво<br>• Министерството за локална самоуправа да прерасне во Министерство за регионален развој, да има надзорна улога и да обезбедува менторство и поддршка за ЦПРР<br>• Зголемени инвестиции од државниот буџет за развој на неразвиените региони<br>• Доследна реализација на стратегиските развојни планови на регионите |
| • Пелагонискиот регион е лидер во земјава во производство на енергија од обновливи извори (сонце, ветер, биомаса и отпад) | • Придонес кон енергетска независност на земјава<br>• Намалено загадување на животната средина | • Изработка на долгорочен сеопфатен план за премин кон производство на енергија од обновливи извори<br>• Подготовка и поднесување апликации до ЕУ за обезбедување донации |
| • Зајакната прекугранична регионална соработка | • Искористување на достапните фондови од ЕУ<br>• Синергетско спроведување развојни програми во региони од две или повеќе држави кои споделуваат слични специфики | • Поврзување со соодветните прекугранични региони<br>• Реплицирање на досегашните успешни модели на соработка од земјава (пример, Евро регион Преспа) или од Европа (Вишеградската група земји)<br>• Јакнење на капацитетите за подготовка на апликации и спроведување проекти финансирани од ЕУ |

3. Источен регион (Штип)

| Клучни очекувани позитивни промени до 2042 година ВИЗИЈА | Образложение на потребите; очекувани придобивки ЗОШТО | Клучни мерки и активности за постигнување на промените КАКО |
|---|---|---|
| • Постигнат рамномерен регионален развој | • Со постигнат рамномерен регионален развој се елеминираат разликите во развиеноста на регионите, односно се помага во развој на оние региони кои немале достапност до ресурси или потенцијал да се развијат | • Дополнителни вложувања и зголемен процент на поддршката или субвенции за поттикнување за вложување во тие региони |
| • Регионите најпосле ги добија законски предвидените средства | • ЕЛС од регионите на проблемите да им пристапуваат регионално | • Процент од ДДВ за регионален развој |
| • Нов модел на регионален развој | • Примена на нов пристап кон регионалниот развој (регионални агенции) | • Креирање на министерство за регионален развој |
| • Инвестирање на 2.5% од БДП во регионален развој | • Зголемување на процентот од националниот буџет за регионален развој | • (по)правична распределба на буџетски средства за регионален развој |
| • За еден регион да напредува потребен е квалитетен и стручен кадар<br>• Отварање на стручни школи (за занаети, за земјоделие и за производство) | • Овозможување стручен кадар за секоја област<br>• Се овозможува правилно функционирање на регионите (квалитетно функционирање) | • Параелно школување со пракса во фирми<br>• Наоѓаш фирма во која си обврзан да одиш на пракса и одиш на училиште |

4. Југозападен регион (Струга)

| **Клучни очекувани позитивни промени до 2042 година**<br>**ВИЗИЈА** | **Образложение на потребите; очекувани придобивки**<br>**ЗОШТО** | **Клучни мерки и активности за постигнување на промените**<br>**КАКО** |
|---|---|---|
| • Планските региони располагаат со буџет соодветно на потребите | • поради квалитетна и навремена имплементација на проекти | • Измена на законските решенија и алоцирање на финансиски средства |
| • Развиени и конкурентни плански региони | • Заради подобрување на квалитетот на живеење и намалување на сиромаштијата | • Зголемување на финансните средства согласно реалните потреби |
| • Постои мал дисбаланс помеѓу регионите во државата | • Заради овозможување на квалитетно живеење на граѓаните во регионите | • Законски решенија кои ќе алоцираат финансии по принцип на позитивна дискриминација |
| • Зголемен број на инвестициски проекти во рамки на руралните средини и регионите | • Заради намалување на миграциските процеси и движења | • Јакнење на ЛАГ-овите<br>• Формирање на партнерства<br>• Субвенција на проекти од рурален карактер |
| • Значително намалени миграциски процеси | • Поради подобрување на квалитет на сите сфери на живеење | • Субвенционирање на проекти за млади<br>• Поддршка на МСП<br>• Субвенции на нововработени во постојани фирми во рурални средини |

## 5. Југоисточен регион (Струмица)

| **Клучни очекувани позитивни промени до 2042 година<br>ВИЗИЈА** | **Образложение на потребите; очекувани придобивки<br>ЗОШТО** | **Клучни мерки и активности за постигнување на промените<br>КАКО** |
|---|---|---|
| • Даночното олеснување се применува за поттикнување инвестиции во помалку развиените плански региони<br>• Зголемена меѓуопштинска соработка, особено на ниво на планските региони<br>• Окрупнување на земјоделските површини | • Зголемување на инвестициите во помалку развиените плански региони<br>• Размена на искуства помеѓу општините и мултиплицирање на добрите практики<br>• Земјоделско производство по пониски трошоци, а со поголеми приходи (земјоделска „економија на обем“) | • Намалување на регионалниот диспаритет во поглед на стапката на невработеност<br>• Воспоставување и користење на механизми за меѓуопштинска соработка<br>• Нови земјоделски јавни политики |
| • Намален јазот во поглед на инфраструктурата во планските региони | • Овозможување еднакви можности за развој на сите плански региони | • Воспоставување регионални инвестициски фондови |
| • Подобрени образовни можности во сите региони, особено во поглед на стручното образование и практичната настава | • Образовниот систем продуцира кадри потребни на бизнисот во секој плански регион | • Реформи во образовните политики, особено во поглед на унапредување на соработката со локалниот и регионалниот бизнис |

## 6. Североисточен плански регион (Куманово)

| **Клучни очекувани позитивни промени до 2042 година ВИЗИЈА** | **Образложение на потребите; очекувани придобивки ЗОШТО** | **Клучни мерки и активности за постигнување на промените КАКО** |
|---|---|---|
| • Отворање компании | • Поголеми плати | • Повеќе работни места<br>• Подршка од државата |
| • Денот на светско културно наследство да се прославува во Куманово (популаризација на регионот) | • Да привлечеме повеќе туристи во регионот | • Со организација на културна манифестација: изложби, издавање на каталози |
| • Потикнување на младите да бидат вклучени во системот (да не си одат од државата), еднаквост на регионите | • Започнување нови бизнис идеи, развој на социјално претприемништво, отварање на нови работни места | • Поволни банкарски услови, ниски каматни стапки, поттикнување на банкарскиот сектор да биде флексибилен во помагање на малите и средните бизниси |
| • Подобрување на водните системи како природни ресурси | • Зачувување на здравата вода со подигнување на свеста кај населението<br>• Зачувување на животната средина | • Со организирање на активности на вода (аквапарк) и искористување на природните потенцијали за создавање на регионален гастрономски бренд |
| • Современа мултикултурна и етно регионална туристичка дестинација | • Седум етнички заедници со свои обичаи<br>• Погоден релјеф и акумулација за вештачки езера, водопади и природни феномени и бањи | • Со развивање свест, подобрување на инфраструктура и стручен кадар, промоција и одржливост |
| • Развивање на локален туризам<br>• Заштита на нови археолошки пронајдоци | • Поголема конкуренција = подобар квалитет<br>• Нови откритија | • Стартапи<br>• Донесување на закон за заштита |
| • Инвестирање во нови културно-историски знаменитости<br>• Заштита на веќе постоечките археолошки локалитети | • Поради заштита на културното наследство и истакнување и запознавање со нашата историја и минато | • Со издвојување на повеќе средства за културата и културното наследство |
| • Функционирање на правен систем<br>• Пазар и конкурентност на компании<br>• Јака инфраструктура и добри патишта | • Засилен економски развој<br>• Подобар квалитет на животот<br>• Благосостојба во поширокиот регион | • Работа на поединци и вреднување на вложен труд<br>• Функционирање на правниот и финасискиот систем |

| | | |
|---|---|---|
| | | • Креирање на нови работни места |
| • Поддршка од државата за мерки за развој на земоделската дејност<br>• Субвенционирање на проекти за развој на малото стопанство и туризмот | • За развој на мало стопанство во руралните општини како и соработка меѓу граничните зони<br>• Развој на модерно обрзование | • Државата да води грижа за развој на малото стопанство и туризмот<br>• Размена на искуствата од странски фирми и институции за развој на земјоделие за отварање кон надворешниот пазар<br>• Обезбедување на поволни кредити и ниски камати |
| • Северо-источен плански регион да биде ставен под заштита на УНЕСКО<br>• Центар за иновации (роботика, вештачка интелегиенција) | • Заради изедначување со останатите плански региони | • Изградба на патишта до секое место, водовод, канализација<br>• Развивање на туристички атракции-Кокино, Куклица<br>• Развивање на планинарските домови |
| • Организирање на спортски светски турнири<br>• Куманово град на уметноста | • Развој на авантуристички спортови: кајакарство, параглајдерство, планинарство, авијација, летање со балон<br>• Органско производство, марихуана | • Унапредување на меѓуопштинска соработка<br>• Отварање на индустриски зони<br>• Развој на занаетчиство за рачна изработка на чевли |